АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-143/6
26.03.2026 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2025 ГОДИНА

WWW.AP.MK

СОДРЖИНА

# Contents


**1. ВОВЕД** ..... 3

**2. НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ** ..... 5

**3. Органи на Агенцијата за пошти** ..... 6

3.1. Избор на нови членови на Комисијата на Агенцијата за пошти ..... 6

3.2. Работа на Комисијата на Агенцијата за пошти ..... 7

3.3. Избор на нов директор на Агенцијата за пошти ..... 8

**4. РЕГУЛАТИВА** ..... 9

4.1. Нов Закон за изменување и дополнување на законот за поштенските услуги ..... 9

4.2. Учество во изработка на нов текст / измени на Законот за поштенските услуги ..... 9

4.3. Секундарна регулатива ..... 10

5. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР ..... 11

5.1. Конкуренција ..... 11

5.2. Лиценцирање ..... 12

5.3. Управни постапки во 2025 година ..... 15

5.4. Финансирање на Агенцијата за пошти - Годишен надоместок за 2025 ..... 22

**6. НАДЗОР** ..... 23

6.1. Извршени надзори над даватели на поштенски услуги ..... 23

6.2. Судски прекршочни постапки ..... 24

**7. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА** ..... 25

7.1. Либерализација на пазарот на поштенските услуги ..... 25

7.2. Извештај за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга ..... 25

7.3. Следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ..... 27

**8. ПОДГОТОВКА НА ПРИДОНЕС НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОН ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2025 ГОДИНА** ..... 28

**9. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ** ..... 30

9.1. Претставки ..... 30

9.2. Компаративен преглед за поднесени претставки во Агенцијата за пошти и рекламации поднесени кај давателите на поштенски услуги од 2022-2025 година ..... 31

9.3. Управни приговори ..... 34

9.4. Писмена и телефонска комуникација со корисници ........ 34
**10. АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЗАРОТ** ........ 36
10.1. Анализа на пазарот на поштенските услуги ........ 36
10.2. Извештај за состојбата на поштенскиот пазар ........ 44
10.3. Истражување на потребите на корисниците ........ 44
**11. СОРАБОТКА** ........ 47
11.1. Соработка со домашни институции ........ 47
11.2. Меѓународна соработка ........ 48
11.3. Активности на ЦЕФТА експертската група за достава на пакети ........ 49
**12. ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ........ 50
12.1. Транспарентност ........ 50
12.2. Кампања на Агенцијата за пошти ........ 52
**13. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ** ........ 53
13.1. Агенцијата со поддршка на граѓаните кои спаѓаат во категорија на ранливи корисници на поштенски услуги ........ 53
13.2. Европската недела на мобилност ........ 54
**14. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** ........ 54
14.1. Годишен план за вработување за 2025 и за 20226 година и Извештај за реализација на планот за 2025 година ........ 55
14.2. Вработувања, ангажирање на работници и престанок на работен однос ........ 55
14.3. Годишниот план за обуки за 2025 ........ 56
**15. ЈАВНИ НАБАВКИ** ........ 56
**16. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** ........ 63

# 1. ВОВЕД

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2025 година е изготвен согласно член 12 од Законот за поштенските услуги (Службен весник на Република Македонија,, бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/2023, 224/2024 и 37/2025), со кој е утврдена обврската на Агенцијата за пошти, да достави Годишен извештај за работата за претходната година до Собранието на Република Северна Македонија, на усвојување.

**Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2025 година** ги сумира активностите кои се превземени во насока на регулирање на пазарот на поштенските услуги, следењето и осигурувањето на универзалната услуга, постапките за лиценцирање на даватели на поштенски услуги, водењето на управни постапки, како и надзор над спроведувањето на Законот за поштенските услуги (во понатамошниот текст: ЗПУ).

Во Годишниот извештај даден е преглед на надлежностите на Агенцијата, органите на управување и раководење, како и регулативата во надлежност на Агенцијата.

Понатаму, даден е преглед во однос на регулацијата на поштенскиот пазар, лиценцирањето и управните постапки, како и преглед на извршени надзори врз даватели на поштенски услуги и поведени судски прекршочни постапки.

Следно, се известува за универзалната услуга, односно за либерализацијата на пазарот на поштенските услуги и за превземените активности во насока на усогласување со европското законодавство.

Воедно, прикажани се активностите кои се однесуваат на заштита на правата на корисниците, давајќи информации за претставките и управните приговори поднесени од страна на корисниците во Агенцијата за пошти, како и статистички податоци и анализи кои ја покажуваат состојбата на поштенскиот пазар и приказ на резултатите од истражувањето на потребите на корисниците на универзалната услуга.

Презентирани се и иницијативи и соработки, како со домашни, така и со меѓународни институции и тела, а и активности во насока на транспарентно и одговорно работење на Агенцијата.

Понатаму, се известува за реализираните активности во насока на јакнење на институционалните капацитети и човечките ресурси.

Годишниот извештај дава и преглед на спроведените постапки за јавни набавки во текот на 2025 година.

На крај, содржани се финансиските извештаи за 2025 година, завршната сметка и Ревизорскиот извештај спроведен од страна на независен, надворешен ревизор кои се составен дел од овој Извештај.

**Составен дел** на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2025 година, е и **Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2025** година.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2025 година беше одобрен од страна на Комисијата на Агенцијата за пошти во следниот состав:

- Душан Бекриќ – претседател
- Слободанка Галеска – заменик претседател
- Павлинче Честојнова – член
- Фадил Шабани – член
- Андреј Јосифовски – член

# 2. НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

Надлежни органи за вршење на работите од областа на поштенските услуги се:

- Министерството за транспорт на Република Северна Македонија и
- Агенцијата за пошти.

Согласно со одредбите од ЗПУ, Агенцијата за пошти е надлежна да:

- донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на ЗПУ;
- го осигури обезбедувањето на универзална услуга;
- обезбедува услови за пристап на корисниците до универзалната услуга;
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга;
- донесува одлука за определување на давател на универзална услуга;
- издава Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги по поднесена нотификација;
- овозможи и обезбеди услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа;
- го следи обезбедувањето на универзалната услуга;
- формира компензациски фонд и управува со средствата од компензацискиот фонд;
- ги одобрува и врши контрола на трошоците за обезбедување на универзална услуга;
- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност закон и прописите донесени врз основа на него;
- го следи развојот на пазарот на поштенските услуги и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги;
- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од ЗПУ и прописите донесени врз основа на него;
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од ЗПУ и Законот за општата управна постапка;
- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги;
- бара податоци и информации од давателите на поштенски услуги;
- воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци;
- дава мислење и учествува при подготвувањето на закони, прописи и други акти што се однесуваат на поштенските услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Северна Македонија кон меѓународни договори од областа на поштенските услуги и да го обезбедува нивното спроведување;
- соработува со други државни органи и институции;
- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата;

- обезбеди информации за корисниците и давателите на поштенски услуги и меѓународните организации и тела;
- спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на поштенските услуги, учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на поштенските услуги;
- врши и други работи во согласност со ЗПУ и прописите донесени врз основа на него.

# 3. Органи на Агенцијата за пошти

Агенцијата за пошти ги извршува своите законски надлежности преку органите - Комисија и Директор.

Според ЗПУ, Комисијата на Агенцијата за пошти се состои од 5 члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија, со мандат од четири години.

Директорот на Агенцијата за пошти се избира по пат на јавен оглас, од страна на Комисијата на Агенцијата, со мандат од четири години.

## 3.1. Избор на нови членови на Комисијата на Агенцијата за пошти

На 08 април 2025 година, Собранието на Република Северна Македонија ги разреши досегашните членови на Комисијата на Агенцијата за пошти (Ѓорѓи Михаилов, Андреј Јосифовски, Владимир Кироски, Борче Груевски и Суад Бајрами) со Одлука за разрешување на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти бр. 08-2175/1 од 08 април 2025 година (Службен весник на РСМ бр. 77/2025).

Понатаму, Собранието на Република Северна Македонија ја донесе Одлуката за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти бр. 08-3625/1 од 24 јуни 2025 година (Службен весник на РСМ бр. 128/2025). Со оваа Одлука за членови на Комисијата се именуваат: Душан Бекриќ, Слободанка Галеска, Павлинче Честојнова, Фадил Шабани и Андреј Јосифовски.

Новите членови на Комисијата го одржаа конститутивниот состанок во месец јули 2025 година.

Комисијата на Агенцијата донесе Одлука за избор на претседател на Комисијата на Агенцијата за пошти, со која Одлука се избра Душан Бекриќ за претседател. Исто така, Комисијата донесе и Одлука за избор на заменик претседател на Комисијата на Агенцијата за пошти, со која Одлука се избра Слободанка Галеска за заменик претседател.

## 3.2. Работа на Комисијата на Агенцијата за пошти

Комисијата на Агенцијата за пошти во текот на 2025 година одржа вкупно 16 состаноци. На истите ги донесе и усвои следните општи и подзаконски акти, како и програмските документи:

- Донесен Годишен План за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2025 година;
- Дадена Согласност за донесување Одлука за потреба од ангажирање работник;
- Дадена Согласност за финансирање на вработувањата кои се планирани во Годишниот план за вработување за 2025 година на Агенцијата за пошти;
- Усвоен Извештајот за четврт квартал од 2024 година;
- Донесена Одлука за усвојување на Извештајот на комисијата за попис на основни средства и ситен инвентар, состојба на парични средства на ж. с-ка и во благајна, како и состојба на побарувања и обврски;
- Донесена Одлука за одобрување на Годишната сметка за 2024 година на Агенцијата за пошти;
- Донесена Одлука за одобрување на Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2024 година;
- Донесена Одлука за измена на Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на претседателот и на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти (согласно последните измени на Законот за поштенските услуги Сл. Весник на РСМ бр. 37/2025)
- Донесен нов Предлог Статут на Агенцијата за пошти и истиот доставен до Собранието на Република Северна Македонија, за понатамошна процедура;
- Донесена Одлука за престанок на мандат на директорот на Агенцијата за пошти д-р Сретен Миладиноски;
- Донесена Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на Агенцијата за пошти;
- Разгледани Извештаите за првиот и вториот квартал од 2025 година;
- Дадена Согласност за Годишниот план за вработување за 2026 година на Агенцијата за пошти;
- Донесена Одлука за избор на директор на Агенцијата за пошти;
- Усвоен Извештајот за трет квартал од 2025 година;
- Донесена Одлука за измена на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2025 година;
- Разгледан и дадени забелешки по Нацрт - Правилник за барањата за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење;
- Донесен Правилник за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок;

- Разгледан и дадени забелешки по Нацрт – Правилник за содржината и формата на нотификацијата и потребната документација која се доставува со нотификацијата;
- Донесена Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2026 година;
- Донесено Решение за регрес за годишен одмор за 2025 година за поранешниот директор на Агенцијата за пошти д-р Сретен Миладиноски.

## 3.3. Избор на нов директор на Агенцијата за пошти

Во месец август 2025 година, Комисијата донесе Одлука за престанок на мандат на директорот на Агенцијата за пошти д-р Сретен Миладиноски (бр. 02-234/5 од 01.08.2025), по сила на закон. Имено, согласно член 20 став 1 алинеја 5 од Законот за поштенските услуги, на директорот на Агенцијата му престанува функцијата пред истекот на мандатот за кој е именуван доколку Агенцијата не ги постигнува очекуваните цели, приоритети и резултати, а кое може да се утврди од годишниот извештај за работа на Агенцијата. Имено, Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање на Собранието на Република Северна Македонија на 24-та седница одржана на 06 март 2025 година, го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2024 година, и со Извештајот бр. 23-1527 од 6 март 2025 година едногласно се усвои заклучок со кој се наведува дека Собранието констатира дека Агенцијата за пошти во 2024 година не ги реализирала активностите за подобрување на квалитетот на услугите и сузбивање на нелојалната конкуренција, како и дека Собранието цени дека Агенцијата за пошти во 2024 година не ги постигнала очекуваните цели, приоритети и резултати, а кој Заклучок е предложен за усвојување на Пленарна седница на Собранието.

Понатаму, на 38-мата Пленарна седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 10 март 2025 година, од страна на пратениците, се усвои предложениот Заклучок од матичната Комисија за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање. Од горе наведените причини, Комисијата на Агенцијата за пошти го констатира престанокот на мандатот на директорот д-р Сретен Миладиноски по сила на закон согласно член 20 став 1 алинеја 5 од Законот за поштенските услуги.

Следно, Комисијата донесе и Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на Агенцијата за пошти. Јавниот оглас се објави во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“, во кој беа дадени законските услови и роковите за пријавување.

По истекот на рокот за пријавување на кандидати за директор на Агенцијата, Комисијата ги разгледа пристигнатите апликации и одлучи дека кандидатот Марина Тоневска од Пробиштип, државјанин на РСМ; со завршен VII/1 степен на образование; со работно искуство над 30 години; со положен испит за познавање на англиски јазик на ниво Б2; со доказ дека со правосилна судска пресуда не ѝ е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; со изјава заверена на нотар изјавил дека нема удели или акции, директно или

индиректно во правни лица што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата во целост ги исполнува законските услови.

**Марина Тоневска е избрана за директор на Агенцијата за пошти** со Одлука за избор на директор на Агенцијата за пошти бр. 02-242/3 од 08.08.2025, со мандат од четири години[1].

# 4. РЕГУЛАТИВА

## 4.1. Нов Закон за изменување и дополнување на законот за поштенските услуги

Собранието на Република Северна Македонија во февруари 2025 година, го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги. Законот е објавен во Службен весник бр. 37/2025 на 19.02.2025. Законот има 11 члена од кои 4 се преодни и завршни одредби. Клучна промена во измената на Законот се однесува на мандатот на директорот (намален од 5 на 4 години), висината на месечниот надоместок на членовите на Комисијата (намален од две на една просечна плата), како и воведување уште еден основ за разрешување на Комисијата и директорот (доколку Агенцијата не ги постигнува очекуваните цели, приоритети и резултати, кое може да се утврди од годишниот извештај за работа на Агенцијата). Во преодни и завршни одредби беа зададени 2 обврски за Агенцијата, по однос на Годишниот извештај за работа за 2024 (да се предаде во Собранието на РСМ пред законски пропишаниот рок) и по однос на Статутот (изменет и усогласен да се достави до основачот). Агенцијата за пошти постапи во зададените рокови по двете обврски. ЗИДЗПУ стапи на сила истиот ден на 19.02.2025 година.

## 4.2. Учество во изработка на нов текст / измени на Законот за поштенските услуги

Агенцијата за пошти, преку свој претставник во 5 члената работната група составена од Министерот за транспорт заедно со претставници од Министерството за транспорт и АД Пошта Скопје, учествуваше во изработка и усогласување на текстот на измени на Законот за поштенските услуги. Работната група одржа повеќе состаноци во текот на јануари и февруари 2025 година на кои воглавно се усогласуваа ставовите и се подготвија предлог нови законски решенија за начинот на финансирање на работата на Агенцијата за пошти, одржување финансиска стабилност на АД Пошта преку воведување механизам на државни субвенции за обезбедување на универзалната услуга и воведување на посебно сметководство кај давателот на универзална услуга-АД Пошта. Потоа се укажа и на потребата од менување и на некои други законски решенија кои се веќе надминати во современи услови на развиена поштенска конкуренција и во насока на пресудите на Европскиот суд, или низ домашната пракса на спроведување на законот се покажале како тешки за примена поради недоречености. Очекуваме продолжување на работата на Работната група и во следната 2026 година.

[1] Одлука за избор на директор.pdf

## 4.3. Секундарна регулатива

Во постапка пред Комисијата на Агенцијата за пошти, во текот на месец ноември 2025, се донесе целосно нов **Правилник за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.** Новиот Правилник е објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 236/2025, и стапи на сила на на 21.11.2025 година.

Новиот Правилник содржи нови одредби кои обврските за плаќање годишен надоместок кон Агенцијата за пошти на давателите, во целост одговараат на состојбите на пазарот во поглед на пазарните удели на давателите на поштенски услуги. Ова усогласување на потребите за финансирање на трошоците за регулаторно постапување на Агенцијата за пошти со реалните состојби на пазарот, ќе се применува од следната 2026 година, со што е обезбедена неопходната предвидливост на компаниите.

Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок е донесен во 2010 година, со измени и дополнувања во 2013 и 2017 година и поради тоа не соодветствуваше на актуелната состојба на поштенскиот пазар.

Според анализите и извештајот на Агенцијата, уделот на давателите на поштенски услуги во 2024 година изнесува 75% удел на давателот на универзалната услуга и 25% удел на давателите со општо овластување (приватни оператори). Овој сооднос не беше соодветен со Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок, односно давателот на универзалната услуга учествуваше со 95% во вкупниот број на поени и вкупниот годишен надоместок за Агенцијата, додека давателите со општо овластување учествуваа со 5% во вкупниот број на поени и вкупниот годишен надоместок за Агенцијата.

Оттука, со цел правилна и праведна распределба на бројот на поени и износот на годишниот надомест кој сите даватели го плаќаат за функционирањето на Агенцијата, која одговара на актуелната состојба на пазарот, се изврши гореспоменатата промена на Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

Во втората половина на 2025 година, Комисијата ги разгледуваше и можностите и модалитетите за зајакнување на техничките услови за издавање Општи овластувања, со цел да се обезбедат предуслови за посигурен влез и настап на пазарот на компаниите кои се заинтересирани да инвестираат во поштенската дејност, во интерес на сигурни, стандаризирани и динамични поштенски услуги на слободниот пазар, во интерес на корисниците.

Формирана е работна група за подготовка на измена на подзаконскиот акт Правилник за барањата за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење, измена на Образец П-105 за поднесување и решавање на рекламациони постапки и изготвување и измена на други подзаконски акти кои ќе произлезат од активностите на работната група.

# 5. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР

## 5.1. Конкуренција

### 5.1.1. Конкуренција во поштенскиот сектор

Во извештајната 2025 година, постојната конкуренција на слободниот пазар, предводена од доминатни пет приватни компании лиценцирани и за домашни и за меѓународни поштенски услуги, покажа значителни резултати, како во остварен обем на услуги, така и во приходи од поштенската дејност со над 63% од вкупно остварениот приход во секторот. Бројката на даватели се намалува, но растат тие што остануваат.

Согласно анализите на регулаторот, приватната конкуренција никогаш досега немала толку густо развиена поштенска мрежа низ државата и толку голем број на луѓе не биле ангажирани во доставата. Тему пратките годинава направија вистински бум и ја поттикнаа искусната конкуренција да се проширува кон увоз и кон достава позиционирана сè поблиску до граѓаните. Затоа и пазарниот удел на давателите на слободниот пазар со над 25% во однос на 75% од давателот на универзалната услуга, веќе втора година по ред го потврдува трендот на раст.

Но, пазарот сè уште бара и има право да очекува подобрувања во услугите, од сите инволвирани во индустријата, вклучително и од давателот на универзалната услуга. Агенцијата за пошти е тука секогаш да ги слушне и да одговори на барањата.

### 5.1.2. Интерес за влез на поштенскиот пазар и следење на конкуренцијата

Работејќи во насока на остварување на целите за промоција на конкуренцијата, а во согласност со принципот на сервисна ориентираност на работата на регулаторот, Агенцијата како континуирана активност и оваа година направи значителен број на стручни консултации со правни субјекти заинтересирани за отпочнување со работа, за начинот на работа во поштенскиот сектор и за неопходните претпоставки за обезбедување поштенски услуги, за регулаторните барања, за карактеристиките на одредени видови поштенски услуги и други прашања од интерес за работата во поштенската економска област.

Значајно за оваа 2025 година е тоа што се зголеми интересот за работа на меѓународниот поштенски пазар, како од постојните даватели кои сакаа своите бизниси да ги прошират и со прекугранични поштенски услуги, така и од нови компании. Се постапуваше по 15 апликации за добивање дозволи, но на пазарот апликантите покажаа минимална техничка и кадровска опременост, што ги прави неподготвени за пазарна трка споредено со развиената и стабилна конкуренција. Таквата неподготвеност за инвестирање во капацитетите на мрежата на апликантите, доведе на пазарот да се појават само 2 нови старт-ап поштенски компании.

## 5.2. Лиценцирање

Давателите на пазарот на поштенски услуги во 2025 година

Почетокот на 2025 година започна со вкупно 33 даватели, од кои 1 давател на универзална услуга -АД Пошта на Република Северна Македонија  и 32 приватни поштенски компании, сите со лиценци за работа во поштенскиот сектор издадени од Агенцијата за пошти.

Во текот на 2025 година, понудата за корисниците на поштенскиот пазар на услуги, покрај таа на традиционалната АД Пошта на Северна Македонија Скопје, ја сочинуваа уште 34 лиценцирани даватели на поштенски услуги, кои поседуваа лиценци за различен вид и опсег на услуги и географско подрачје на делување, или вкупно 35 правни лица.

Преглед  на активни даватели на поштенски услуги во 2025 година

| Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународни поштенски услуги | |
|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија Скопје | универзална услуга за домашни и меѓународни услуги |
| ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| Брза пратка ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ЕУРО ЕНЕРГИ ДОО Тетово – Подружница ЕУРО КАРГО Тетово | домашни и меѓународни услуги |
| Еко Логистик Сервис ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје - Подружница Б ПОСТ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ГЕНИКИ ТАХИДРОМИКИ СМ ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| Карго Експрес ДООЕЛ увоз – извоз Битола | домашни и меѓународни услуги |
| ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| МИК-МИК ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| БОХ ПОСТ ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| **Цела територија на Република Северна Македонија** | |
| Колпортер Пост (Пост Експрес Македонија) ДОО Скопје | цела територија на РСМ |
| Ин Пошта Радески ДООЕЛ Скопје | цела територија на РСМ |
| Интернешенел Меил Деливери ИМД ДОО Скопје | цела територија на РСМ |
| Колпортер ДОО Скопје | цела територија на РСМ |

| | |
|---|---|
| Мекс Пошта ДОО Скопје | цела територија на РСМ |
| Моја Пратка ДООЕЛ Велес | цела територија на РСМ |
| **Ограничено географско подрачје – град Скопје** | |
| ГЛОБАЛ МЕССАГЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ | подрачјето на град Скопје |
| Анфиленд ДООЕЛ увоз-извоз за Подружница Брза Пошта број еден Скопје | подрачјето на град Скопје |
| Урбан Деливери Сервис ДОО Скопје | подрачјето на град Скопје |
| Еко Пошта ДООЕЛ Скопје | подрачјето на град Скопје |
| Хи Логистик ДОО Скопје | подрачјето на град Скопје |
| Ананас Експрес ДООЕЛ Скопје | подрачјето на град Скопје |
| **Ограничено географско подрачје – една или повеќе општини** | |
| БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје | подрачјето на град Скопје и Куманово |
| ЈОКАМ пошта 2011 ДООЕЛ с.Оровник Дебарца | подрачје на општините Охрид и Струга |
| ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци | релација Кавадарци – Скопје –Кавадарци |
| БРЗА ПРАТКА ПОСТ-М ЛОГИСТИК ДООЕЛ Тетово | подрачје на општини Тетово и Гостивар |
| ДМ Јосифоски ДООЕЛ Прилеп | подрачје на општини Прилеп и Крушево |
| Сити Екпсрес Пошта ДООЕЛ Битола | подрачје на општина Битола, Демир Хисар, Новаци и Могила |
| Пошта Пештан Експресс ДООЕЛ Охрид | подрачје на општини Охрид и Дебарца |

Од овие 35 даватели на поштенски услуги, на целата територија на Република Северна Македонија беа овластени да работат 22 компании, од кои што 16 и за во меѓународниот поштенски сообраќај. Сите тие работеа на пазарите на поштенски услуги и за писма и за пакети.

На ограничено географско подрачје во една или неколку соседни општини работеа 13 даватели на поштенски услуги, а 6 од нив се само на територијата на град Скопје.

На крајот на годината, на 31.12.2025 година, состојбата на даватели на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија, изнесува **28 даватели на поштенски услуги, од кои:**

- **27 даватели на поштенски услуги** – правни лица со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги и
- **1 правно лице - АД "Пошта на Северна Македонија" - Скопје** – со индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга во внатрешен и меѓународен сообраќај.

### 5.2.1. Влез на поштенскиот пазар – издавање на Општи овластувања

Агенцијата за пошти во извештајната година постапуваше по вкупно 25 Нотификации за започнување, промена или престанок со обезбедување на поштенски услуги.

Од нив, издадени се:

Осум Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги,

- ➔ Донесени се 7 Решенија за отфрлање на барањето, 4 Решенија за одбивање на барањата, во 3 предмети е констатиран престанок со работа, а 3 предмети по нотификации се пренесуваат за решавање во следната година.

Од 8-те издадени Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги, 2 се за нови старт-ап компании, 5 се издадени на постојни даватели за проширување на услугите и во меѓународниот сообраќај и 1 во внатрешен поштенски сообраќај на постоен давател кој своето работење го проширува во делот на услугите.

Споредбениот преглед на издадени лиценци во 18-те години од постоење на Агенцијата, покажува дека започнувајќи од 2022 година, сè помал е бројот на нови компании кои се во финансиска кондиција за инвестирање во дејноста.




#### 5.2.2. Губење на статусот на даватели на поштенски услуги во 2025 година

Агенцијата за пошти и во извештајната година продолжи со активноста за следење и анализа на оние даватели за кои има сознанија дека од одредени причини престануваат со поштенскиот бизнис, по што се преземени активности за укинување на лиценците. Во 2025 година, 7 компании со Општи овластувања ги изгубија лиценците.

По службена должност укинати се Општите овластувања, за:

- ➔ Колпортер Пост ДОО Скопје,
- ➔ Диливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје
- ➔ Брза Пратка ДОО Скопје
- ➔ ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје

По доставена нотификација за престанок со обезбедување поштенски услуги:

- ➔ Геники Тахидромики СМ ДОО Скопје
- ➔ Колпортер ДОО Скопје
- ➔ Хи Логистик ДООЕЛ Скопје

- ❖ За споредба со извештајната 2025 година во која 7 компании го напуштија поштенскиот пазар, од основањето на Агенцијата за пошти, поголемо намалување на бројката на компании кои работеле во дејноста и потоа го изгубиле Општото

овластување има само во 2011 година со 8 компании и во 2022 година со 10 компании.




- ✓ И покрај овие бројки во 2025, на страната на понудата ни приближно не се насетуваат услови за неуспех на пазарот, особено не во сегментот на пакети, напротив. Приватната конкуренција е сè посилна и поотпорна ги дочекува промените.

#### 5.2.3. Регистар на даватели на поштенски услуги

Агенцијата за пошти води службена евиденција со релевантни податоци за давателите на поштенски услуги, согласно Законот за поштенските услуги.

Податоците од Регистарот, освен за потребите на регулаторот, се во функција на транспарентност за сите учесници во поштенскиот сектор.

Агенцијата за пошти и во 2025 година, редовно и на дневна основа ги ажурираше податоците во службената евиденција за давателите на поштенски услуги. Од 23 завршени предмети, 15 се однесуваа на започнување, промени и бришење на даватели, 5 предмети за ажурирање на ценовници, 1 за промена на лого, 2 предмети за промени на сортинг центри или регистрираното седиште, телефонски броеви и други промени.

### 5.3. Управни постапки во 2025 година

Агенцијата за пошти во текот на 2025 година постапуваше по вкупно 125 управни предмети од нејзина надлежност, од кои 119 постапки се завршени до крајот на годината, а 6 се пренесуваат за решавање во 2026 година.

По однос на начинот на поведување на постапките, најголем број односно 95 предмети се поведени по службена должност, а 30 по барање од заинтересирани субјекти (за добивање, промена на Општо овластување, приговори од корисници, информации од јавен карактер).

По однос на предметот за кој е водена постапката,

**41** од постапките за предмет имале утврдување на годишен надоместок

**33** од постапките се предмети од лиценцирање

**46** постапки се предмети од извршени надзори (редовни, вонредни и контролни)

**2** постапки се по предмети заведни по управен приговор од корисници

**3** постапки се во предмети по информации од јавен карактер

119 предмети завршија во рок, со донесување соодветна одлука или решение од страна на Агенцијата.

Шест предмети кои се започнати на крајот на годината, се пренесени за решавање во следната година.

**ПРЕДМЕТИ ОД УПРАВНА ЕВИДЕНЦИЈА за 2025 година**

| Ред. бр. | Арх.број на предмет | Содржина | Решавање предмети | Број на предмети |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 02-24<br>02-86<br>02-112<br>02-118<br>02-130<br>02-158<br>02-161<br>02-198<br>02-201<br>02-202<br>02-287<br>02-249<br>02-360<br>02-361<br>02-364 | Барање за добивање Општо овластување за обезбедување поштенски услуги со Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги | 02-304/2024/24/2025-По поведена постапка по Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од СТС ПОСТ ЕКСПРЕС ДООЕЛ Скопје на 11.12.2024. Решение за офрлање под бр. 02-24/1 од 10.01.2025 година.<br>02-86 -Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Моја Пратка ДООЕЛ с.Долно Каласлари, Велес на 04.02.2025. Решение за отфрлање под бр. 02-86/6 од14.04.2025 година.<br>02-112 -Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за трговија и услуги Јис Николоски Експрес ДООЕЛ Охрид на 06.03.2025 година . Решение за отфрлање бр.02-112/3 од 15.04.2025 година.<br>02-118 -Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Нова Пошта Експрес ДООЕЛ Скопје на 11.03.2025. Решение за одбивање под бр. 02-118/2 од 21.03.2025 година.<br>02-130 -Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за услуги Ананас Експрес ДООЕЛ Скопје на 25.03.2025 година. Издадено Општо овластување за одредено географско подрачје-за територија на град Скопје бр.02-130/10 од 16.07.2025 година.<br>02-158 Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за поштенски и курирски услуги Турбо Елите Логистик ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на 16.04.2025 година.Решение за отфрлање бр.02-158/4 од 26.05.2025 година.<br>02-161 - Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за поштенски и курирски услуги Моја Пратка ДООЕЛ с.Долно Каласлари, Велес, на 17.04.2025 година. Издадено Општо овластување за на цела територија на РСМ бр.02-161/12 од 23.09.2025 година.<br>02-198 -Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за поштенски и курирски услуги Пост Деливери Експрес ДООЕЛ Скопје, на 11.06.2025 година. Решение за отфрлање бр.02-198/4 од 21.08.2025 година.<br>02-201- Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за поштенски услуги Нова Пошта Експрес ДОО Скопје, на 13.06.2025 година. Решение за отфрлање бр.02-201/3 од 11.09.2025 година.<br>02-202 Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за промет и услуги Јон Експрес ДООЕЛ Скопје, на 17.06.2025 година.Решение за одбивање бр.02-202/10 од 10.10.2025 година.<br>02-287 Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за трговија, поштенски и курирски услуги Квик Бокс ДООЕЛ Скопје, на 17.06.2025 година.Решение за одбивање бр.02-287/2 од 03.10.2025 година .<br>02-249 - Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за трговија и услуги Јис Николоски Експрес ДООЕЛ Охрид на 19.08.2025 година . Решение за отфрлање бр.02-249/2 од 15.12.2025 година.<br>02-360 Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштво за услуги, шпедиција, транспорт и трговија Милшпед МК ДООЕЛ Илинден Скопје на 12.12.2025 година. Постапката продолжува.<br>02-361 Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за промет и услуги Јон Експрес ДООЕЛ Скопје, на 12.12.2025 година. Постапката продолжува. | 15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 02-364 Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги од Друштвото за трговија и услуги Промотел ДОО Скопје, на 16.12.2025 година. Постапката продолжува. | |
| 2 | УП1 бр.02-153 и 02-154/2025<br>02-43<br>02-56<br>02-95<br>02-107<br>02-169 02-326 | Барање за добивање Општо овластување со Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги | УП1 бр.02-153/2023 и 02-154/2025 Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот МЕКС ПОШТА ДОО Скопје, за проширување на географското подрачје во меѓународниот поштенски сообраќај. Решение за одбивање бр.02-154/2 од 24.04.2025 година.<br>02-43 Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги на 21.01.2025 година од давателот Друштвото за производство, трговија и услуги КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Битола. Издадено е Општо овластување бр.02-43/7 од 04.03.2025 година за обезбедување поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај.<br>02-56 Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги на 29.01.2025 година од давателот Друштвото за промет и услуги ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје.Издадено е Општо овластување бр.02-56/6 од 25.02.2025 година за обезбедување поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај. 02-95 - Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги на 11.02.2025 година од давателот Друштвото за поштенски и курирски услуги ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје. Издадено е Општо овластување бр.02-95/6 од 10.03.2025 година за обезбедување поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај.<br>02-107- Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот Друштвото за услуги Урбан Деливери Сервис ДОО Скопје, на 27.02.2025 година. Издадено Општо овластување бр.02-107/6 од 16.05.2025 за територија на град Скопје.<br>02-169-Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот Друштво за транспорт, трговија и услуги Мик-Мик ДООЕЛ Скопје од 30.04.2025 година. Издадено е Општо овластување за обезбедување поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај бр.02-169/7 од 04.07.2025 година.<br>02-326 Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот Друштво промет и услуги Бох Пост ДОО увоз-извоз Скопје од 09.12.2025 година. Издадено е Општо овластување за обезбедување поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај бр.02-326/5 од 09.12.2025 година. | 7 |
| 3 | 02-78<br>02-153<br>02-170 | Барање за престанок со Нотификација за престанокco обезбедување поштенски услуги | 02-78- На 07.02.2025 година е констатирано престанување со обезбедување поштенски услуги и бришење на податоците на давателот Друштво за давање на останати поштенски и курирски услуги Геники Тахидромики СМ ДОО Скопје од службена евиденција на Агенцијата за даватели, согласно член 38 став 3 од ЗПУ.<br>02-153- На 06.05.2025 година е констатирано е престанување со обезбедување поштенски услуги и бришење на податоците на давателот Друштво за дистрибуција, трговија и услуги Колпортер ДОО Скопје од службената евиденција на Агенцијата за даватели согласно член 38 став 3 од ЗПУ .<br>02-170 - На 07.05.2025 година констатирано е престанување со обезбедување поштенски услуги и бришење на податоците за давателот Друштво за промет и услуги Хи Логистик ДОО Скопје од службената евиденција на Агенцијата за даватели, согласно член 38 став 3 од ЗПУ. | 3 |
| 4 | 02-175<br>02-230<br>02-59<br>02-80 | Постапки за преиспитување на Општо овластување-поведени по службена должност | 02-175-Поведена постапка по службена должност за преиспитување на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај за давателот Друштво за услуги ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ Скопје - постапката е во тек;<br>02-230-Поведена постапка по службена должност за преиспитување на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај-за цела територија на РСМ за давателот Друштво за поштенски услуги ИНТЕРНЕШЕНЕЛ МЕИЛ ДЕЛИВЕРИ-ИМД ДОО Скопје - постапката е во тек;<br>02-59 Поведена постапка по службена должност на 30.01.2025 за преиспитување на Општото овластување за обезбедување поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај за цела територија на РСМ на давателот Друштво за дистрибуција, трговија и услуги Колпортер ДОО Скопје. Постапката заврши со констатирање престанок на негово барање.<br>02-80 Поведена постапка по службена должност на 03.02.2025 за преиспитување на Општото овластување за обезбедување поштенски услуги во внатрешен поштенски | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **сообраќај за цела територија на РСМ на давателот Друштво за промет и услуги Бох Пост ДОО увоз-извоз Скопје.Постапката заврши со издавање Општо овластување-проширено со меѓународен сообраќај.** | |
| 5 | 02-142<br>02-289 02-308 02-362 | Постапки за престанок на важност и за укинување на Општото овластување-поведени по службена должност | **02-142- Со Решение бр. 02-142/3 од 14.04.2025 година, а согласно член 45 став 4 од Законот за поштенските услуги, укинато е Општото овластување на давателот на поштенските услуги Колпортер Пост ДОО Скопје, поради неисполнување на правата и обврските од Општото властување.**<br>**02-289 -Со Решение бр. 02-289/8 од 28.11.2025 година, а согласно чл.45. став4 од Законот за поштенските услуги, укинато е Општото овластување на давателот на поштенски услуги Брза Пратка ДОО Скопје, поради неисполнување на правата и обврските од Општото овластување**<br>**02-308 -Со Решение бр. 02-308/1 од 14.10.2025 година, а согласно чл.45. став4 од Законот за поштенските услуги, укинато е Општото овластување на давателот на поштенски услуги Диливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје, поради неисполнување на правата и обврските од Општото овластување**<br>**02-362 -Со Решение бр. 02-362/3 од 17.12.2025 година, а согласно чл.45. став4 од Законот за поштенските услуги, укинато е Општото овластување на давателот на поштенски услуги ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, поради неисполнување на правата и обврските од Општото овластување.** | **4** |
| 6 | 02-28,51,39,66,76,60,53,64,77,54,49,40,74,55,52,61,36,50,42,67,41,38,37,72,35,65,75,62,68,71,63,70,69,157,155,156,229,230,258,281,358 | Постапки за утврдување на висината на годишниот надомест на давателите | Водени се постапки за 35 лиценцирани поштенски оператори и издадени се 41 Решенија за годишен надоместок за 2025 година за даватели на поштенски услуги;<br>Следење на доброволно извршување и водење постапка за присилно извршување | **41** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | 02-26<br>02-80<br>02-78<br>02-93<br>02-127<br>02-133<br>02-139<br>02-140<br>02-142<br>02-153<br>02-122<br>02-127<br>02-178<br>02-185<br>02-184<br>02-183<br>02-194<br>02-206<br>02-207<br>02-210<br>02-216<br>02-224<br>02-205<br>02-273<br>02-282<br>02-198<br>02-198<br>02-294<br>02-296<br>02-288<br>02-298<br>02-299<br>02-317<br>02-289<br>02-329<br>02-345<br>02-348<br>02-349<br>02-348<br>02-353<br>02-354<br>02-354<br>02-354<br>02-357<br>02-352<br>02-359 | Инспекциски надзори (вонредни, контролни) Предмет: достава на пратки без овластување, достава не препорачани пратки и евиденција за препорачани пратки. Прекршочна постапка | **26/2025-вонреден надзор над Милшпед МК Дооел Скопје, записник 02-26/3 од 14.01.2025 година, не се најдени прекршоци;**<br>**02- 80- редовен надзор кај давателот Бох Пост ДОО Скопје е извршен на 06.03.2025 година, записник бр.02-80/4 , не се констатирани прекршоци.**<br>**02-78 - вонреден надзор над давателот Геники Тахидромики СМ ДОО Скопје, записник 02-78/4 од 07.02.2025 година, и не се констатирани прекршоци.**<br>**02-93 -редовен надзор од 11.02.2025 кај давателот Еуро Енерги ДООЕЛ подружница Еуро Карго Тетово, записник 02-93/3 од 11.02.2025 , нема прекршоци.**<br>**02- 127-вонреден надзор над субјект Герман Траум ДООЕЛ, записник 02-127/2 од 26.03.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02-133 -вонреден надзор кај дaвател ХИ Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-133/2 од 28.03.2025 издадени се 2ППН, 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02- 139 -вонреден надзор кај давателот Колпортер Пост ДОО Скопје, записник 02-139/4 од 02.04.2025 издадени се 2ППН, 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-140-вонреден надзор кај давателот Колпортер ДОО Скопје, записник 02-140/2 од 03.04.2025, издадени се 2ППН, 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02- 142-вонреден надзор кај давателот Колпортер Пост ДОО Скопје, записник 02-142/2од 04.04.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02-153- вонреден надзор кај давателот Колпортер ДОО Скопје, записник 02-153/2од 16.04.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02-122 -вонреден надзор кај давателот ХИ Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-122/3 од 29.04.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02-172-вонреден надзор кај давателот Еко Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје, записник 02-172/2 од 08.05.2025 , не се констатирани прекршоци.**<br>**02-178-контролен надзор кај давателот Еко Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје, записник 02-178/3 од 15.05.2025 , не се констатирани прекршоци.**<br>**02-185-редовен надзор кај давателот на универзална услуга АД Пошта на Северна Македонија Скопје, записник 02-185/3 од 22.05.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-184-вонреден надзор над субјект ДПТУ Деливери Екпрес Логистикс ДООЕЛ Скопје, записник 02-184/2 од 20.05.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-183-редовен надзор кај давателот Брза Пратка Пост М Логистик ДООЕЛ Тетово, записник 02-183/3 од 28.05.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02- 194-вонреден надзор кај давателот ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-194/2 од 02.06.2025, издадени се 2 ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-206-вонреден надзор кај давателот Интернешенел Меил Деливеро-ИМД ДОО Скопје, записник 02-206/2 од 26.06.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02-207 -вонреден надзор кај давателот Диливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје, записник 02-207/2 од 26.06.2025, издадени се 2 ППН, од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-210-контролен надзор кај давателот ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-210/2 од 03.07.2025 издадени се 2 ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-216-редовен надзор кај давателот Мекс Пошта, записник 02-216/2 од 14.07.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02-224-вонреден надозр кај субјект Кене и Нагел ДООЕЛ Скопје, записник 02-224/2од** | 46 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 17.07.2025, не се констатирани<br>прекршоци.<br>02-205-вонреден надзор кај давателот Карго Експрес ДООЕЛ Битола, записник 02-205/4 од 07.08.2025, не се констатирани<br>прекршоци.<br>02-273-вонреден надзор кај давателот ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-273/2 од 12.09.2025, не се констатирани<br>прекршоци.<br>02-282-редовен надзор кај давателот МИК-МИК ДООЕЛ Скопје, записник 02-282/2 од 30.09.2025, не се констатирани<br>прекршоци.<br>02-198-вонреден надзор над субјект ДПТУ  Деливери Екпрес Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-198/7 од 26.09.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното<br>лице.<br>02-198-вонреден надзор над субјект ДПКУ Пост Деливери Екпрес ДОО Скопје, записник 02-198/10 од 26.09.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното<br>лице.<br>02-294-вонреден надзор  кај давателот ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје, записник 02-294/2  од 06.10.2025издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното<br>лице.<br>02-296-вонреден надзор кај давателот Деливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје, записник 02-296/2 од 07.10.2025 издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното<br>лице.<br>02-288-вонреден надзор над субјект ДКУ Брза Пратка Димитровски ДООЕЛ Куманово, записник 02-288/2  од 08.10.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното<br>лице.<br>02-298-вонреден надзор над субјект ДКУ Брза Пратка Маџари ДООЕЛ Скопје,записник 02-298/2 од 08.10.2025 издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.<br>02-299-вонреден надзор над субјект ДПТУ Брза Пратка Жиглиово ДООЕЛ Куманово, ,записник 02-299/2 од 08.10.2025 издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.<br>02-317-вонреден надзор  кај давателот ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје, записник 02-317/2  од 03.11.2025издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.<br>02-289-вонреден надзор кај давателот Брза Пратка ДОО Скопје, записник 02-289/4 од 11.11.2025 издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.<br>02-329-редовен надзор кај давателот Еко Пошта ДООЕЛ Скопје, записник 02-329/3 од 19.11.2025, нема констатирано<br>прекршоци.<br>02-345-контролен надзор кај давателот ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-345/2 од 05.12.2025, издадени се 2 ППН  од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.<br>02-348 вонреден надзор над субјект ДПТУ  Деливери Екпрес Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-348/2 од 03.12.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.<br>02-349 вонреден надзор над давател  Б Пост ДООЕЛ Скопје, записник 02-349/2 од 03.12.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.<br>02-348 вонреден надзор кај давателот ДПУ Мекс Пошта ДОО Скопје, записник 02-348/5 од 04.12.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **правното лице.**<br>**02-353 вонреден надзор кај давателот ВИА Пост ДООЕЛ Скопје, записник 02-353/2 од 10.12.2025, нема констатирани прекршоци.**<br>**02-354 вонреден надзор над субјект Брза Пратка ДОО Скопје, записник 02-354/3 од 10.12.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-354 вонреден надзор над субјект Брза Пратка Деливери ДООЕЛ Скопје, записник 02-354/6 од 10.12.2025, издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-354 вонреден надзор кај давателот Еко Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје, записник 02-354/2 од 10.12.2025, не се констатирани прекршоци.**<br>**02-357 вонреден надзор над субјект ДКУ Брза Пратка Маџари ДООЕЛ Скопје,записник 02-357/2 од 10.12.2025 издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.**<br>**02-352 вонреден надзор над субјектит ДПУ ХИ Логистик ДООЕЛ Скопје, записник 02-352/2 од 10.12.2025, не се констатирани прекршоци**<br>**02-359 вонреден надзор кај давателот Еко Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје, записник 02-359/2 од 12.12.2025 издадени се 2ППН од кои 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правното лице.** | |
| 8 | 02-79<br>13-255<br>02-316 | Информации од јавен карактер | **02-79**-По барање за пристапување до информации од јавен карактер изготвено Решение бр.02-79/2 од 20.02.2025 година, за делумен пристап до информации од јавен карактер;<br>**13-255**-По барање за пристапување до информации од јавен карактер изготвено Решение бр.02-255/2 од 09.09.2025 година, целосно уважено.<br>**02-316**-По барање за пристапување до информации од јавен карактер изготвено Решение бр.02-316/2 од 30.12.2025 година, целосно уважено. | 3 |
| 9 | 02-247<br>02-370 | Управни приговори од корисници | **02-247**-По управен приговор од корисник од Скопје-изготвено Решение бр.02-247/4 од 10.09.2024 година за одбивање;<br>**02-370**-По управен приговор од корисник од Скопје, постапката е во тек | 2 |
| | | **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ** | | **125** |

## 5.4. Финансирање на Агенцијата за пошти - Годишен надоместок за 2025

Вредноста на поенот за 2025 година изнесува 566,0377 денари согласно Одлуката за определување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2025 година бр.02-286/7 („Службен весник на РСМ“ бр.276/2024). Одлуката за вредноста на поенот е донесена од страна на Комисијата на Агенцијата на 26.11.2024 година и во состав на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2025 година е одобрена од Собранието на Република Северна Македонија со Одлука од 18.12.2024 год. („Службен весник на РСМ“ бр.264/2024).

Во текот на 2025 година, заклучно со 31.12.2025 година, Агенцијата по спроведена постапка поведена по службена должност издаде четириесет и едно (41) Решение за годишен надоместок за 2025 година.

### 5.4.1 Наплата на решенија за годишен надомест

Во текот на 2025 година дваесет и девет (29) Решенија за годишен надоместок беа во целост доброволно платени кон Агенцијата по основ на издадени Решенија за годишен надоместок за 2025 година. Против 9 компании се поведени девет (9) постапки за присилно извршување, од кои што кај шест (6) предмети има наплата во целост, а за три (3) предмети сè уште нема наплата.

Три решенија за годишен надоместок за 2025 година сè уште не се платени или не се целосно платени - (ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, Бох Пост ДОО увоз-извоз Скопје и АД Пошта Скопје).

Во текот на 2025 година заклучно со 31.12.2025 година, давателот на универзална услуга АД Пошта на Северна Македонија платил дел од долгот по решението за годишниот надоместокот за 2025 година, со што давателот останува да должи уште 7.301.885 денари. Вкупниот главен долг на АД Пошта Скопје по решението изнесуваше 28.301.885,00 денари.

### 5.4.2. Постапки за присилно извршување

На крајот на 2025 година, заедно со 3 незавршени предмети од оваа година, Агенцијата за пошти вкупно води 23 активни предмети за присилна наплата. Три од предметите се стари по 10 години, а сите 23 без исклучок се однесуваат на десетина правни лица кои веќе не се даватели на поштенски услуги и должат по основ на решенија од неколку години.

# 6. НАДЗОР

## 6.1. Извршени надзори над даватели на поштенски услуги

Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во ЗПУ, врши надзор над спроведување на законот и прописите донесени врз основа на истиот.

Врз основа на член 73 став 3 од ЗПУ, директорот на Агенцијата за пошти донесе *Годишен извештај за вршење на надзор за 2025 година* бр.01-383/1 од 25.12.2025 година, **кој е составен дел на овој Годишен извештај**. Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2025 година ги сумира активностите кои се превземени согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2025 година бр. 01-307/1 од 13.12.2024 година, во насока на вршење на надзор над спроведување на одредбите на овој закон, прописите и другите општи акти донесени врз основа на него, а особено врз:

- пристапот до универзалната услуга;
- квалитетот на обезбедување на универзалната услуга;
- обезбедување пристап до поштенската мрежа;
- примена на цените на универзалната услуга;
- имплементација на сите акти донесени од страна на Агенцијата;

- над други работи утврдени со ЗПУ и над прописите и другите општи акти донесени врз основа на ЗПУ.

Во 2025 година беа спроведени вкупно 46 надзори од страна на овластените лица за вршење надзор, од кои 6 редовни, 37 вонредни и 3 контролни надзори.

Планираните редовни надзори, согласно Годишната програма за вршење на надзор за 2025 година, беа целосно реализирани во текот на 2025 година.

Извршените вонредни надзори резултираа со шест одземени Општи овластувања на даватели на поштенски услуги. Понатаму, на десет правни лица им беа изречени казни за обезбедување поштенски услуги без општо овластување од Агенцијата за пошти и им беа издадени платни налози за правното и одговорното лице.

Следно, Агенцијата изрече и казна на давателот на универзална услуга за не исполнување на обврските по универзалната услуга, како и на еден приватен давател за кршење на резервираната област.

Прекршоци беа констатирани (со издадени платни налози) кај даватели на поштенски услуги и за не давање на располагање информации и финансиски податоци на Агенцијата заради извршување на нејзините надлежности, односно немаат доставено Извештај за обезбедување на поштенски услуги.

## 6.2. Судски прекршочни постапки

Во текот на годината, Агенцијата за пошти постапуваше по повеќе активни предмети поведени по барање за поведување прекршочна постапка од страна на Агенцијата во прв и втор степен пред надлежните судови.

Во мај 2025 година поведени се 2 постапки против даватели на поштенски услуги кај кои при извршени надзори се констатирани прекршоци.

До крајот на декември 2025, состојбата со судските предмети е следна:

- 4 активни судски предмети во прекршочна постапка пред Основен Кривичен суд Скопје, поведени од АП во 2023 (Против АД Пошта и 2 одговорни лица) и (против Мик-Мик ДОО Скопје, и одговорното лице), за кои по наша жалба за суштествени повреди на постапката и за висината на санкцијата-глобата, Апелациониот суд Скопје ги врати на повторно судење.

Два предмети се по прекршочни постапки поведени од 14.04.2025 година (против Деливери Експрес Логистикс Скопје и одговорното лице) и (против Брза Пратка ДОО Скопје и одговорното лице) кои чекаат првостепена пресуда. За постарите предмети од 2023, АП во текот на годината има поднесувано ургенции за побрзо земање во работа.

- 7 предмети се завршени, а Пресудите од Кривичниот суд Скопје станаа правосилни и извршни. Предметите се поведени од АП во претходни години од кои најстариот предмет против

Б-Пост и одговорното лице за дело од 2021 година - (XVIII ПРК-О-210/21-извршна од 09.04.2024 година), против РСЕ Оптима и одговорното лице од 2021 година - (15 ПРК-О-282/22-извршна од 19.09.2025 година), против Хелло Пост и одговорното лице, од 2022 година - (15 ПРК-О-351/24-извршна од 26.06.2025 година), против ПМ Постман анд Логистик ДООЕЛ Скопје и одговорното лице од 2022 година - (15 ПРК-О-635/24-извршна од 16.06.2025 година), против Ваша Пошта ДОО Скопје и одговорното лице од 2023 година - (15 ПРК-О-1113/23-извршна од 20.02.2025 година), против ПМ Постман анд Логистик ДООЕЛ Скопје и одговорното лице од 2023 година - 18 ПРК-О-1116/23-извршна од 08.01.2025 година) и МЈМ Деливери ДООЕЛ Скопје и одговорното лице од 2024 година - 18 ПРК-О-1276/24-извршна од 24.10.2025 година). За повеќето од овие предмети АП водеше жалбени постапки и успешно ги доби во втор степен, по што беа вратени на повторно судење. Но општ е заклучокот дека судот определува многу ниски глоби во најчесто 500 Евра за правното лице и покрај запретената глоба од 5.000 Евра во Законот. Единствен случај на висока глоба е во Пресудата од Апелациониот суд Скопје, во кој по наша жалба на Б-Пост, второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда и сам му определил глоба од 4.000 евра на правното лице.

- 3 прекршочни предмети се завршени и чекаат правосилност на првостепените пресуди: против Б-Пост Скопје од 2023 година - 15 ПРК-О-1114/23, против Балкан Деливери Сервис Скопје од 2023 година - 18 ПРК О 387/25, и против Пост Експрес (подоцна Колпортер Пост Скопје) од 2024 и нивните одговорни лица - 18 ПРК-О-1275/24.

# 7. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

## 7.1. Либерализација на пазарот на поштенските услуги

Во однос на планираната **либерализација на поштенскиот пазар** која требаше да се случи на 01.01.2025 година, односно укинување на ценовниот монопол на АД Пошта на Северна Македонија, истата беше повторно одложена со донесување на измена на Законот за поштенските услуги од страна на Собранието на Република Северна Македонија – Закон за изменување на Законот за поштенските услуги (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 224/2024). Со оваа измена, либерализацијата е одложена до денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

## 7.2. Извештај за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга

Нето трошоците за универзалната услуга се пресметуваат како разлика меѓу трошоците на давателот на универзалната услуга направени со обврските за универзалната услуга и трошоците кои давателот би ги реализирал без обврските за универзалната услуга (симулација), имајќи ги во предвид и сите нематеријални и материјални предности на давателот од обезбедувањето на универзалната услуга.

Давателот на универзалната услуга има право на надоместок на споменатите нето трошоци, за чие остварување поднесува барање со пресметка на нето трошоците, поткрепена со финансиски извештај и сметководствени информации базирани на ревидиран годишен извештај за претходната година, не подоцна од 31 март во тековната година.

За обезбедување на финансиските средства за финансирање на нето трошоците за универзалната услуга, Агенцијата за пошти формира компензациски фонд со отворање на посебна жиро сметка, кој се состои од средства кои се обезбедуваат од давателите на поштенски услуги кои остваруваат минимум бруто приход утврден од Агенцијата (задолжени даватели).

Воспоставувањето и функционирањето на компензацискиот фонд, како фонд од кој би се финансирала универзалната услуга под услови и на начин утврдени со Законот за поштенските услуги и Методологијата на утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и нивното пресметување, е директно поврзано со воведување на систем за посебно сметководството и алокација на трошоците и приходите кај давателот на универзалната услуга. Имено, главен извор на податоците и информациите кои се користат при пресметката на нето трошоците е системот за посебно сметководство, од каде може да се утврдат трошоците за поединечните услуги и фази од обезбедувањето на универзалната услуга, како и приходите и трошоците за деловните единици.

Со оглед на фактот дека заклучно со 31.12.2025 година АД Пошта на Северна Македонија, како давател на универзална услуга, нема поднесено барање за остварување на правото за надоместок на нето трошоците и нема имплементирано систем за посебно сметководство за утврдување на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга, не се исполнети основните претпоставки за воспоставување и функционирање на компензацискиот фонд.

И покрај тоа, Агенцијата за пошти, од аспект на регулативата, има донесена “Одлука за утврдување на висината на минимум бруто приход за задолжени даватели” со која се утврдува висината на минимум бруто приход кој го остваруваат давателите на поштенски услуги, потребна за стекнување статус на задолжен давател кој подлежи на обврската за плаќање во компензацискиот фонд и пропишана „Методологија за утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и начинот на нивното пресметување“ со која се утврдува структурата на потребните финансиски информации и начинот на пресметување на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга што претставува основа за плаќање на надоместокот на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга.

Овој модел на финансирање, односно надоместување на нето трошоците на универзалната услуга со формирање на компензациски фонд е во согласност со Директивата за поштенски услуги на Европската Унија, меѓутоа скоро и да не се користи во пракса кај земјите од Унијата. Оттука, Агенцијата за пошти во 2025 година, работеше на изнаоѓање на друг модел за финансирање на универзалната услуга кој би бил посоодветен на условите на поштенскиот пазар во нашата земја, кој би можел да се имплементира во пракса и би дал реални резултати кои би биле од помош за

давателот во обезбедувањето на обврските на универзалната услуга. Притоа, како најсоодветен модел за финансирање на универзалната услуга беше истакнат моделот на државна помош за надоместување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга, кој има широка примена во земјите од Европската Унија. За имплементирање на новиот модел, потребни се законски измени кои беа иницирани од страна на Агенцијата за пошти во текот на 2025 година.

### 7.3. Следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга

Имплементацијата на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите е во директна корелација со надлежностите на Агенцијата за регулирање на цените на универзалната услуга, регулирање на цените за пристап до поштенската мрежа, пресметување на нето трошоците за универзалната услуга и спречување на внатрешното субвенционирање на други услуги кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга со приходите остварени од обезбедување на универзалната услуга.

Во текот на 2025 година, Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности презема активности за унапредување на регулативата, како и унапредување на условите и можностите за реализација на обврската за имплементација на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите од страна на давателот на универзалната услуга. За таа цел користени се искуствата од другите регулаторни тела, како и искуствата и препораките добиени од работните групи во рамките на Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP) и Европската група на поштенски регулатори (ERGP) во рамките на Европската комисија. Исто така, согласно препораките добиени од реализираниот Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“, Агенцијата изврши анализа на постојната регулатива за посебно сметководство и во следниот период во соработка со давателот на универзалната услуга ќе предложи решенија за измени во регулативата со цел истата да биде соодветна на условите на поштенскиот пазар во нашата земја и на можностите кај давателот на универзалната услуга, што би резултирало со побрза имплементација на соодветен систем за посебно сметководство кај давателот на универзалната услуга.

Процесот на имплементација на систем за посебно сметководство е започнат во 2011 година, кога давателот на универзалната услуга до Агенцијата достави „Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи“, изготвен од давателот на универзалната услуга и надворешна специјализирана компанија.

Доставениот Елаборат беше евалуиран од страна на Агенцијата и врз основа на активностите и добиените сознанија од евалуацијата, Агенцијата изработи Мислење за доставениот Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи и истото е доставено до давателот на универзалната услуга. Во Мислењето се наведени позитивните аспекти и недоследностите на доставениот Елаборат и понудени се решенија за надминување на истите и градење на Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга кој ќе одговори на барањата на Правилникот и препораките на Европската

директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Давателот на универзалната услуга, во текот на 2025 година презема одредени активности за надминување на недостатоците на предложениот Елаборат, односно за изготвување на нов предлог модел и методологија на системот за посебно сметководство кој ќе одговори на барањата на Законот, Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги.

Целосната имплементација на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ќе се реализира по одобрувањето на системот од страна на независна ревизорска куќа и врз основа на тоа, по добиена согласност од Агенцијата за пошти.

Со оглед на динамиката на активностите во текот на 2025 година, очекуваме имплементацијата на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите да се реализира во текот на 2026 година.

# 8. ПОДГОТОВКА НА ПРИДОНЕС НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОН ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Процесот на преговори за членство во Европската унија за Република Северна Македонија започна со Стекнувањето на статусот држава кандидат за членство во декември 2005 година со кој се означи клучен чекор во натамошниот напредок кон остварувањето на стратешката цел - членство во Унијата.

Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) е сеопфатен долгорочен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на ЕУ, стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Северна Македонија да ги исполни условите за членство во Европската унија.

Најголемиот и најтешкиот дел од работата - усогласувањето, односно подготовката на преговарачките стојалишта се одвива на ниво на работни групи - работна група за проширување во Советот за ЕУ и работните групи по поглавја на државата – кандидат. Меѓуресорските групи по поглавја за изработка на НПАА и предлог на преговарачки стојалишта се веќе основани. Поштенските услуги потпаѓаат во Поглавјето 3.03 Право на основање и слобода на давање услуги ги покрива следните области: право на основање, слобода на давање прекугранични услуги, поштенски услуги и заемно признавање на професионални квалификации.

Системот на известување на Европската Комисија за постигнувањата се врши преку доставување на квартални извештаи од институциите, преку одговор на прашања од соодветната област распоредени по Поглавјата врз основа на кои понатаму произлегува и секоја година изготвување на Годишен извештај на Европската Комисија за напредокот на усогласување на домашното со европското законодавство ма Република Северна Македонија.

Преговарачкиот процес е поделен на 6 Кластери, а поштенските услуги се во рамки на Кластер 2 Внатрешен пазар - Поглавје 3. Право на основање и слобода на давање услуги. Поглавјето 3.03 Право на основање и слобода на давање услуги ги покрива следните области: право

на основање, слобода на давање прекугранични услуги, поштенски услуги и заемно признавање на професионални квалификации.

Оваа област претставува збир на политики кои што имаат за цел обезбедување на една од слободите на единствениот пазар на Европската Унија. Целите на ЕУ во делот на Право на основање и слобода на давање на услуги се овозможување на лица и компании да основаат агенции, филијали, подружници во друга земја членка под услови кои се утврдени за своите граѓани во соодветната земја.

Во вториот квартал на 2025 година врз основа на воспоставената практика се започна со подготовка на придонесот кон годишниот Извештај на Ервопската Комисија, но годинава иако е редовна активност тежината на Извештајот е  дополнително зголемена, имајќи предвид дека се отпочнати пристапните преговори и Европската Комисија прави подетална и подлабинска анализа за напредокот во реформите и на нивото на усогласеност на националното законодавство со правото на ЕУ.

Годишниот Извештај на Европската Комисија за 2025 година за поштенските услуги го даде следниот извештај:

*Правилата за поштенски услуги на ЕУ се насочени кон подобрување на квалитетот на универзалната услуга, кон постепено отворање на пазарот за конкуренцијата и кон воспоставување независно регулаторно тело.*

*Во областа на* ***поштенските услуги****, националното законодавство е делумно усогласено со правото на ЕУ за поштенски услуги. По измената на Законот за поштенски услуги во декември 2024 година, целосното отворање на поштенскиот пазар за конкуренција беше одложено до пристапувањето на земјата во ЕУ. Во тек е процес на реструктурирање за приватизација на давателот на универзална услуга. Формирана е работна група за подготовка на усогласувањето со Регулативата за прекугранични услуги за достава на пратки. Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело кое осигурува усогласеност со Законот за поштенски услуги. Постои еден давател на универзални услуги („Пошта на Северна Македонија“ – акционерско друштво во државна сопственост) и 29 други поштенски оператори. Северна Македонија треба да го финализира усогласувањето со правото на ЕУ за поштенски услуги и да осигури доволен институционален капацитет за следење и спроведување на новите правила на поштенскиот пазар.*

Агенцијата за пошти достави одговор на прашањата поврзани со Поглавјето 03. Право на основање и слобода на давање услуги - поштенски услуги во однос на усогласување на законодавството, иницијативи и стратегии за политики, зајакнати институционални капацитети, напредок во поштенските реформи и истите ги достави до надлежните институции и дефинира на кој начин ќе ги спроведе следните реформи, односно да се усогласи со европското законодавство на ЕУ и покрај другите обврски и да ја транспонира  Регулативата за прекугранична испорака на пратки преку измена на постојниот Закон за поштенските услуги за 20-иот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, кој ќе се одржи на 05 Март 2026 година преку видео конференциска врска.

# 9. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ

Агенцијата за пошти континуирано и посветено остварува комуникација со корисниците на поштенските услуги, постапувајќи во согласност со основните цели утврдени во Законот за поштенските услуги, а пред сè во насока на заштита на интересите на корисниците.

Во текот на 2025 година, граѓаните имаа можност да се обратат до Агенцијата и да поднесат претставки и приговори со цел остварување на своите законски права како корисници на поштенски услуги.

Во извештајниот период, **примени и евидентирани се вкупно 49** (четириесет и девет) претставки и **2** (два) управни приговори од корисници на поштенски услуги. По сите поднесоци, Агенцијата за пошти постапи соодветно и во роковите утврдени со закон.

Агенцијата навремено одговараше на сите поднесоци, обезбедуваше информации, даваше соодветни насоки и беше целосно достапна за корисниците на поштенски услуги на кои им беше потребна стручна поддршка и појаснување.

## 9.1. Претставки

Претставките беа евидентирани во Уписникот за предметите по предлози и претставки. Начинот на поднесување на претставките може да биде во писмена форма на адреса на Агенцијата за пошти или електронски на официјалните е-маил адреси (info@ap.mk и kabinet@ap.mk) и усно на записник во просториите на Агенцијата за пошти.

Во 2025 година, евидентирани се вкупно 49 претставки, од кои во (деветнаесет) 19 од нив подносителите го одбрале електронскиот начин на поднесување претставки преку електронските адреси на Агенцијата за пошти, а (триесет) 30 поднеле писмено на адреса на Агенцијата.

Триесет и девет (39) од нив се поднесени од физички лица, 9 од правни лица и 1 претставка е поднесена анонимно. Повеќето од подносителите, односно (дваесет и еден) 21 биле во својство на примачи на пратки, (седумнаесет) 17 како испраќачи, а останатите не се директни корисници на поштенски услуги.

Седумнаесет (17) претставки се препратени на надлежност на Агенцијата од страна на Државен пазарен инспекторат, една (1) од Државен управен инспекторат и за прв пат една (1) преку Националниот портал за е- услуги (https://uslugi.gov.mk/). Останатите се директно поднесени во АП.

Во 2025 година, најголем дел од претставките односно (деветнаесет) 19 се однесуваа за услугите на ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ Скопје. Во нив, корисниците се жалеа за рокот на достава на поштенски пратки од меѓународен поштенски сообраќај, бараа објаснување за постапките за царинење на пратки, како и податоци за статус на одредени пратки.

Понатаму, останатите претставки се однесуваат за услугите на давателот на универзалната услуга АД "Пошта на Северна Македонија„ – Скопје и давателите на поштенски услуги ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, БОХ ПОСТ ДОО Скопје, КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Битола, ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ СКОПЈЕ, ВИП ПОШТА ДООЕЛ Скопје, ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје, Брза Пратка ДОО Скопје, ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје, Балкан Деливери Сервис ДООЕЛ Скопје, МЕКС ПОШТА ДОО СКОПЈЕ и Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје -Подружница Б ПОСТ Скопје.

Како најчести основи за поднесување беа губењето и оштетување на пратки, пролонгиран рок за достава на пратки, неисплатени откупи, недавање на одговор по рекламација, неработење на поштенска единица и невршење достава.

Агенцијата по сите поднесоци презеде активности за проверка на наводите од истите, даде соодветни насоки на давателите со цел отстранување на одредени недостатоци при обезбедувањето на услугите и секако за исходот навремено им одговори на подносителите.

Во дел од претставките, изнесените наводи претставуваа доволен показател и основ за иницирање на вонредни надзори врз работењето на одредени даватели на поштенски услуги. Истите беа реализирани во согласност со одредбите од Законот за поштенските услуги и релевантните подзаконски акти.

## 9.2. Компаративен преглед за поднесени претставки во Агенцијата за пошти и рекламации поднесени кај давателите на поштенски услуги од 2022-2025 година

Во периодот од 2022 до 2025 година е извршена споредбена анализа на бројот на **поднесени претставки директно во Агенцијата**, кои се однесуваат на обезбедувањето на поштенските услуги на АД Пошта на Северна Македонија и на услугите на давателите на поштенските услуги на слободниот пазар.

Прегледот покажува дека бројот на претставките кои се однесуваат за националниот давател останува релативно стабилен со минимални отстапувања, од друга страна, кај претставките кои се однесуваат за давателите на слободниот пазар, евидентиран е пораст.

Бројот на поднесените претставки до Агенцијата не претставуваат релевантен показател за утврдување на задоволството на корисниците, со оглед на тоа што нивниот број не е доволен за да овозможи објективна проценка. Обично, во претставките корисниците пријавуваат или бараат да се проверат одредени постапки поврзани со начинот на обезбедувањето на поштенските услуги (доцнење, губење или оштетување на пратки) и не секогаш се основани.

**Поднесени претставки во Агенција за пошти**




### *Преглед за поднесени рекламации кај давателите на поштенски услуги*

Предмет на анализа се податоците од 2022, 2023 и 2024 година како и од првото полугодие на 2025 година кои се однесуваат на поднесени рекламации директно кај давателите на поштенски услуги, кои се доставени во Агенцијата за пошти од страна на давателите на поштенските услуги.

**Споредбен приказ за поднесени рекламации кај АД Пошта на Северна Македонија и кај давателите на поштенски услуги на слободен пазар**




Трендот на поднесување на рекламации **<u>кај давателот на универзалната услуга</u>** во извештајниот период укажува на **јасен пад надоле.** Намалувањето на вкупниот број на рекламции е во значителна мера условено од структурата на услугите за кои корисниците најчесто поднесувале рекламации.

Имено, најголем дел од нив се однесуваат на **писмоносни пратки,** додека во анализираниот период е евидентиран **континуиран пад на обемот** на вакви пратки кај АД Пошта. Како резултат на намалената фреквенција на користење на оваа услуга, природно се редуцира и бројот на потенцијални спорни случаи, што се рефлектира со опаѓачки тренд на поднесени рекламации. Од аналитички аспект, ваквото движење укажува дека забележаниот пад е пред сè последица на промената во обемот и структурата на побарувачката.

**Број на рекламации за писма во однос на пакети кај сите даватели на поштенски услуги**




Состојбата кај <u>**давателите на поштенски услуги на слободниот пазар**</u> во трите години е сосема спротивна, односно бројот на поднесени рекламации е во постојан нагорен тренд и е зголемен над 100%. Најголем број од поднесените рекламации се однесуваат на **пакетските услуги**, по основ оштетување или намалување на содржината.

Зголемувањето на бројот на рекламации е директно поврзано со континуираниот **раст на пакетските услуги.**

Во првата половина од **2025** година, трендот на поднесување на  рекламации е со ист континуитет, односно опаѓање кај **АД Пошта со 93** поднесени рекламации и зголемување кај **останатите даватели со 2.778**.

Кај АД Пошта сите рекламации се однесуваат за препорачани писма, додека кај давателите на слободен пазар во најголем дел се однесуваат за пакети.

### *Очекувања*

Врз основа на досегашните индикатори и следење на пазарните состојби, како и од непосредната комуникација со корисниците на пу**, се очекува бројот на поднесени рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар да се зголеми** за околу двапати во однос на 2024 година, поради растот на обемот на пакетските услуги и во второто полугодие од 2025 година.

Со проширувањето на понудата и зголемувањето на бројот на корисници на вакви услуги, расте и комплексноста на услугите, што резултира со поголема веројатност за недоразбирања, технички проблеми или несогласувања околу условите, наплатата и квалитетот на услугите.

Оттука, порастот на рекламациите не мора да укажува само на квалитетот на услугите, туку претставува и очекуван тренд како последица на зголемен обем на пакетски услуги и корисничка база.

Со цел да се намали незадоволството и навремено да се отстранат евентуалните недостатоци при обезбедувањето на поштенските услуги, **потребно е да се подобрат системите за корисничка поддршка,** односно, доколку е потребно, да се воведат нови или да се унапредат постојните форми на корисничка поддршка (customer support systems). Со тоа ќе се зголеми ефикасноста и ажурноста во постапувањето по рекламации, ќе се зајакне способноста за брза реакција, ќе се овозможи навремено преземање на соодветни активности и мерки за подобрување на услугите, како и обезбедување побрз повратен одговор кон корисниците. Воедно, ваквите подобрувања ќе придонесат за унапредување на угледот на давателите на поштенските услуги и зајакнување на довербата кај корисниците.

## 9.3. Управни приговори

Агенцијата за пошти постапуваше по два управни приговори и за кои во законски рок беше донесено Решение.

1. Приговорот со **бр. 02-247** беше поднесен од корисник на поштенски услуги во својство на испраќач на препорачана пратка во меѓународен поштенски сообраќај, кој незадоволен од одговорот (Решение за надоместок за препорачана пратка) по поднесена рекламација  до давателот на поштенски услуги АД "Пошта на Северна Македонија„ – Скопје, бараше исплата на надоместок во висина од 10 пати од износот платен за услугата.

- Агенцијата постапуваше по предметот, и донесе Решение во кое барањето на подносителот за исплата на штета **се одбива во целост како неосновано**.

2. Приговорот со број 02-370, беше поднесен од страна на испраќач на пратка со откупнина преку давателот на поштенски услуги ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ Скопје, кој незадоволен од одговорот на давателот по претходно поднесена рекламација, поднесе управен приговор до Агенцијата за пошти во кој бара исплата на надомест на штета во висина од 13.200,00 денари.

- Законскиот рок за постапување по овој управен приговор продолжува во следната година, во чии рамки ќе биде донесено Решение.

## 9.4. Писмена и телефонска комуникација со корисници

Од причина што Агенцијата за пошти е кориснички ориентирана и отворена за соработка со корисниците, на секое пишано или телефонско обраќање од корисник, дури и да е без законски основ, Агенцијата му посветува внимание и дава препораки и информира за чекорите кои треба да се преземат.

- Покрај претставките и приговорите, Агенцијата оствари и **писмена комуникација** со 97 граѓани, кои како корисници на поштенски услуги бараа информации од различен карактер. Истата се одвива преку примени дописи на електронските адреси на Агенцијата.

Во нив од страна на корисниците беа побарани насоки за поднесување на рекламации, за начинот на испраќање на пратки во меѓународен сообраќај, беа побарани ценовници за одредени услуги, информираа за изгубени и оштетени пакети, за недоставени пратки од меѓународен сообраќај, беа поставени прашања за царински процедури и постапки, за стаус на пратки, за контакт информации од давателите, информираа за неисплатени откупнини од страна на давател на поштенски услуги, поставуваа прашања за начинот за издавање на лиценца, информираа за неуредна достава на нотарски пратки, за недоставени пратки од меѓународен поштенски сообраќај, за неуредна достава на пратки од онлајн продавници и сл.

Во писмените комуникации оваа година посебно се издвоија поднесоци во кои корисниците се жалеа за ненавремена достава на пратки преку давателите ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје (за пратки од домашен сообраќај) и ВИП ПОШТА ДООЕЛ Скопје (за дојдовни пратки од меѓународен сообраќај) , како и за нефункционални канали за комуникација.

- Примени се и над 200 **телефонски повици од граѓани** -корисници на поштенски услуги кои бараа контактни информации за давателите на поштенски услуги, ја информираа Агенцијата за доцнење на доставата на пратки кои произлегуваат од он-лине продажба ( нарачки) од кинеските платформи Тему и Али Експрес, и известуваа за одредени ситуации поврзани со доставата на конкретни пратки, бараа информации за нивните статуси по што им беа дадени насоки за понатамошно постапување.
- Комуникацијата со корисниците, вклучувајќи ги и телефонските и писмените комуникации со граѓаните – корисници на поштенски услуги претставуваат значаен извор на релевантни информации за работата на давателите на поштенски услуги.

Имајќи предвид дека корисниците се во непосредна комуникација со давателите на поштенски услуги, тие најдиректно можат да информираат за своите искуства, забелешки, проблеми и други околности поврзани со обезбедувањето на поштенските услуги и доставата на поштенските пратки, како и за почитувањето на законските и подзаконските прописи од страна на давателите на поштенски услуги.

Врз основа на добиените информации и доставените укажувања, Агенцијата врши проверка на изнесените наводи и во рамки на своите законски надлежности, презема соодветни мерки и активности.

Утврдените наоди и резултатите од преземените активности претставуваат важна основа при планирањето, утврдувањето и насочувањето на понатамошните активности на Агенцијата во областа на надзорот и регулацијата.

# 10. АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЗАРОТ

Во светот кој брзо се менува, каде комуникацијата расте, а барањата на корисниците стануваат сè посложени, изготвување на анализа на пазар е неопходна за секоја организација која сака да ги има податоци од пазарот и да се раководи согласно трендовите.

Анализата на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, како и во останатите светски држави, проаѓа низ големи промени како последица на сè почестото користење на електронските комуникации, и замената на поштенските услуги. Напредокот во технологијата влијае и на промените на однесување на корисниците, како и на нивните очекувања во врска со квалитетот и брзината на услугите.

## 10.1. Анализа на пазарот на поштенските услуги

Согласно Правилникот за видовите на финасиски податоци и информации, а со цел на извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти, регистрираните давателите на поштенски услуги имаат обврска да достават Извештај за обезбедување на поштенски услуги до Агенцијата на секои шест месеци.

Давателите на поштенските услуги се должни Извештаите за првата половина од календарската година (1 јануари-30 јуни) да ги достават до 1 септември, а за втората половина од календарската година (1 јули -31 декември) да бидат доставени до 1 март наредната година.

Доставените извештаи се анализираат и се контактираат давателите на поштенски услуги доколку се увидат одредени недостатоци при пополнување на извештаите заради нивно точно евидентирање. Полугодишните извештаи давателите на поштенски услуги се должни да ги пополнуваат со вистинити податоци и за истите да гарантираат и служат за изготвување анализи и извештаи од пазарот.

### *10.1.1. Анализа на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија за 2024 година*

Од вкупно 35 даватели на поштенски услуги кои работеле во 2024 година, 32 даватели на поштенски услуги, согласно законските обврски за редовно доставување на податоци од своето работење, доставија пополнети извештаи за второто полугодие за 2024 година и истите беа предмет на понатамошна анализа врз основа на кои Агенцијата за пошти согласно своите надлежности за следење и анализа на пазарот изготви Анализа на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија за 2024 година. Во оваа Анализа прикажани се активностите, плановите, состојбата, како и анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 2024 година.

***Табела 1 Даватели на поштенски услуги (2020-2024)***

| | *2020 година* | *2021 година* | *2022 година* | *2023 година* | *2024 година* |
|---|---|---|---|---|---|
| Давател на универзална услуга | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Даватели на поштенски услуги на слободен пазар | 46 | 42 | 44 | 37 | 35 |

2024 година започна со 35 даватели на поштенски услуги, но исто така 3 даватели на поштенски услуги го напуштиле поштенскиот пазар во текот на 2023 година. Во услови на зголемена конкуренција бројот на давателите на слободниот поштенски пазар постојано се менува, се појавуваат нови даватели на пазарот, но и одредени даватели го напуштаат пазарот.[2]

Вкупниот број на вработени во поштенскиот секор во 2024 година кај сите даватели на поштенски услуги изнесува 2,744, при што 1,676 се вработени во АД „Пошта на Северна Македонија“ додека пак 1,068 лица се вработени кај давателите на слободниот поштенски пазар (Табела 2); односно во однос на 2023 година има намалување за 5.18%.

***Табела 2: Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор***

| | *2024 година* |
|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 1,676 |
| Даватели на поштенски услуги на слободен поштенски пазар | 1,068 |
| Вкупно | 2,744 |

Во Република Северна Македонија во 2024 година, обемот на поштенскиот пазар изнесувал 36,728,861 милиони поштенски пратки и бележи опаѓање од 3,62% во споредба со 2023 година.

***Табела 3: Вкупен обем на поштенскиот пазар 2019/2024 година*** [3]

| *2019 година* | *2020 година* | *2021 година* | *2022 година* | *2023 година* | *2024 година* |
|---|---|---|---|---|---|

[2] http://www.ap.mk/mk/registar-licenci

[3] http://www.ap.mk/mk/statisticki-izvestai-postenski-uslugi

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 35,945,788 | 34,462,011 | 30,559,811 | 28,256,214 | 28,059,997 | 27,587,283 |
| Даватели на поштенски услуги на слободен пазар | 5,142,443 | 5,809,170 | 7,057,100 | 7,570,378 | 10,047,228 | 9,141,578 |
| Вкупен обем | 41,088,231 | 40,271,181 | 37,616,911 | 35,826,593 | 38,107,225 | 36,728,861 |

Се забележува дека обемот кај давателот на поштенски услуги АД„ Пошта на Северна Македонија" бележи намалување во последниве години и тоа за 1,7% во 2024 година во споредба со 2023 година, но и кај давателите на поштенските услуги на слободен пазар се забележува опаѓање во 2024 година  за 9% во однос на 2023 година.

***Табела 4: Број на пакети во рамки на универзалната услуга – АД Пошта на Северна Македонија 2019 -2024 год.***

| АД Пошта на Северна Македонија | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година | 2023 година | 2024 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пакети | 111,886 | 90,662 | 129,840 | 138,872 | 158,431 | 160,636 |

Во 2024 година кај давателот АД „Пошта на Северна Македонија" се забележува зголемување на обемот на пакетите за 1,4% во однос на 2023 година.

***Табела 5: Обезбедување на услугата пакети - даватели на поштенски услуги на слободен поштенски пазар 2019/2024година***

| | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година | 2023 година | 2024 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пакети | 2,153,277 | 3,391,864 | 4,703,100 | 5,765,932 | 7,386,021 | 6,480,037 |

***Графикон 1: Број на пратки по глава на жител споредбено – 2010/2024 година***




***Графикон 2: Движење на приходите кај давателите на поштенски услуги 2019/2024 година (изразено во денари)***




Вкупниот приход кај сите даватели на поштенски услуги во 2024 година е зголемен за околу 7.9 % во однос на 2023 година.

Давателот на универзалната услуга има намалување на приходите во 2024 година во однос на 2023 година од околу 0,7%. Давателите на поштенските услуги на слободен пазар имаат зголемување на приходите во 2024 година од околу 16%.

### *10.1.2. Анализа на пазарот на поштенки услуги во Република Северна Македонија за прво полугодие на 2025 година*

На 24-от јавен состанок одржан на 24 декември 2025 година, Агенцијата ги презентираше податоците добиени за првото полугодие на 2025 година, споредбено со истиот период 2024 година. Анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во

полугодие на 2025 година содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.[4]

Во првото полугодие од 2025 година вкупно работеле 30 правни лица кои се стекнале со статус на давател на поштенски услуги со издадено Општо овластување од страна на Агенцијата за пошти.

***Табела 6: Податоци за обем на поштенски услуги***

| | 2024 година прво полугодие | 2025 година прво полугодие |
|---|---|---|
| **АД Пошта на Северна Македонија** | 14,148,614 | 15,236,733 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 4,888,924 | 5,091,465 |
| **Вкупен обем** | **19,037,538** | 20,328,198 |

Анализата покажува зголемување на вкупниот обем остварен од обезбедување на поштенски услуги за првото полугодие на 2025 година, во однос на првото полугодие на 2024 година. Зголемувањето на обемот во однос на истиот период во 2024 година изнесува околу 6.8 %.

***Табела 7: Движење на обемот во последните 4 години***

| | **2022 година** | **2023 година** | 2024 година | 2025 година прво полугодие |
|---|---|---|---|---|
| **АД Пошта на Северна Македонија** | 28,256,214 | 28,059,997 | **27,587,283** | 15,236,733 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 7,570,378 | 10,047,228 | **9,141,578** | 5,091,465 |
| **Вкупен обем** | 35,826,593 | 38,107,225 | **36,728,861** | 20,328,198 |

[4] ap.mk/mk/statisticki-izvestai-postenski-uslugi

Забележуваме опаѓање во остварениот обем. Но доколку се анализира 2025 година првото полугодие се забележува и се очекува зголемување на вкупниот обем. Не само статистиките ќе покажат зголемување на обемот, туку и реалната слика проценета од аспект со влегување на платформите кај нас дека ќе покаже зголемување на обемот на пазарот.

***Графикон 3. Движење на обемот кај даватели на поштенски услуги***




Во првото полугодие на 2025 година давателот на универзалната услуга има остварено зголемување на обемот на поштенски услуги од 2,95 %, но има зголемување на обемот на поштенски услуги  и кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар од околу 5,9%. Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува зголемување на дел од услугите во рамки на универзалната услуга. Универзална услуга опфаќа 98,77% од обемот, а пратките за кореспонденција, односно писмата 86% од универалната услуга.

***Графикон 4: Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот***




| | 2022 година | 2023 година | 2024 година | прво полугодие на 2025 година |
|---|---|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 78,87% | 73,63% | 74,93% | 74,95% |
| Даватели на поштенски услуги на слободен пазар | 21,13% | 26,37% | 25,07% | 25,05% |

Давателот на универзалната услуга во првото полугодие на 2025 година остварил зголемување на услуги во рамки на универзалната услуга за околу 7,6%. Пратките за кореcподенција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи зголемување за 0,5%, особено писмата до 50 грама кои се остварени во обем од околу 88,44 % од обемот на писмата во рамки на универзалната услуга.

Давателот на универзална услуга 84,23% од вкупниот обем го има остварено од услуги во внатрешен сообраќај. Првото полугодие на 2025 година давателот на универзалната услуга има намалување на обемот на пакети за околу 15,88% во однос на првото полугодие на 2024 година.

***Графикон 5: Обем на пакети кај давател на универзална услуга & Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар***




Кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар  има зголемување на обемот на поштенски услуги од околу 4,14%. Од вкупниот обем на пратки за кореспонденција остварен од

давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 5 даватели на поштенски услуги оствариле 84,06% од вкупниот. Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обемот на пакети од околу 35 %.

Бројот на вработени во поштенскиот сектор изнесува 2.727 лица од кои 1.626 вработени кај давателот на универзалната услуга, додека 1101 вработени кај давателите на слободниот пазар. Давателот на универзална услуга има 313 договорни пошторазнесувачи и 13 лица ангажирани по договор за вршење на услуги.

Првото полугодие на 2025 година бележи намалување на вработени лица кај давателот на универзалната услуга од 7,1%, кој има 59,63% од вкупниот број на вработени лица на поштенскиот пазар. Првото полугодие на 2025 година бележи зголемување на вработени лица кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар од 0,9%.

***Табела 7: Движење на вкупен број на вработени***

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2022 година | 2023 година | 2024 година | 2025 прво полугодие |
|---|---|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 1998 | 1814 | 1676 | 1626 |
| Даватели на поштенски услуги на слободен поштенски пазар | 1123 | 1080 | 1068 | 1123 |
| | 3121 | 2894 | 2744 | 2749 |

АД Пошта на Северна Македонија остварила помалку приходи (1,59%) во 2025 година првото полугодие во однос на 2024 истиот период, а 3,25% помалку остварила приходи од обезбедување на поштенски услуги.

***Табела 8. Остварени приходи од обезбедување на поштенски услуги на пазарот***

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | Вкупно |
|---|---|---|---|

| | 2024 **прво** полугодие | 2025 **прво** полугодие | 2024 **прво** полугодие | 2025 **прво** полугодие | 2024 **прво** полугодие | 2025 **прво** полугодие | **Зголемување /намалување %** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 617,212,109 | 607,384,861 | 726,689,996 | 1,044,308,509 | 1,343,902,105 | 1,651,693,370 | 22,9% |

Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар имаат остварено повеќе приходи (43,7%), од обезбедување на поштенски услуги за првото полугодие на 2025 година во однос на првото полугодие на 2024 година, а целиот поштенски сектор има зголемување на приходи од 22,9%.

Од вкупно остварениот приход на пазарот 63% е остварен на слободниот пазар. Со зголемување на обемот на услуги на пазарот се зголемуваат и бројот на рекламации поднесени од страна на корисниците.

Најмногу рекламации има за пакети 90,9 % и тоа по основ на пречекорување на рокот за достава на поштенски пратки 60,7%, а 30% корисниците рекламирале по основ на оштетени и изгубени поштенски пратки.

## 10.2. Извештај за состојбата на поштенскиот пазар

Согласно член 12 од Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок (Сл. весник на РСМ бр.236/2025), изготвен е Извештај со обработени податоци за состојбата на поштенскиот пазар во државата кој опфаќа податоци за вкупниот обем и структура на остварени поштенски услуги и за пазарните удели на давателите во тековната година. За утврдување на пазарните удели на давателите во тековната година во смисла на став 2 од член 12 од правилникот, Агенцијата го зема во предвид обемот прикажан од давателите на поштенски услуги во шестмесечните извештаите од обезбедување на поштенски услуги за временски период од 01.07 претходната година до 30.06. тековната година.

Во изготвување на Извештајот за пазарните удели со обработени податоци за состојбата на поштенскиот пазар во државата во 2025 година опфатени се податоци доставни во период од 01.07.2024 година до 30.06. 2025 година. Во извештајниот период на пазарот на поштенски услуги работеле вкупно 29 даватели на поштенски услуги од кои еден давател на универзална услуга и 28 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар.

## 10.3. Истражување на потребите на корисниците

Во текот на 2025 година извршено е истражување на потребите на корисниците на поштенските услуги преку независна компанија. Истражувањето е активност која се спроведува

неколку години сѐ со цел да се добијат податоци од пазарот, поточно од корисниците и нивното задоволство од обезбедување на поштенските услуги. Секако дека преку истражувањето се добиваат и податоци за какви услуги корисниците имаат потреба и за кои услуги пазарот најмногу треба да се развива во иднина се со цел да се доближат до потребите на корисниците.

Ова истражување беше реализирано со квантитативна истражувачка методологија односно користени беа истражувачките техники: интервјуа лице-в-лице, телефонски интервјуа и веб-засновани/онлајн интервјуа. Истражувањето опфати физички корисници од урбани, рурални и тешко достапни населени места, како и правни лица од мали, средни и големи претпријатија. Истражувањето беше спроведено над 600 корисници (180 физички и 420 правни).

Од страна на независната компанија доставени се Извештаи од направеното истражување, а резултатите се предмет на анализа и истите ќе се користат во текот на целата 2026 година како основа за спроведување на регулаторни мерки и активности на Агенцијата.

#### *10.3.1. Клучни наоди од истражувањето кај физички лица*

- Резултатите од спроведеното истражување укажуваат дека најкористени поштенски услуги се добивање на пакет со 62%, потоа следи финансиски трансакции (плаќање на сметки) со 50% и добивање на препорачана пратка, пратка со означена вредност со 46%;
- 38% од испитаниците изјавиле дека сите или скоро сите писма им се важни да ги добијат во очекуваниот временски период;
- За 78% од испитаниците - Препорачана пратка е најчесто користена поштенска услуга при испраќање на писма, а за 70% од испитаниците - Препорачана пратка е најчесто користена поштенска услуга при примање на писма;
- 26% од испитаниците испраќаат пакети до 2кг, а 15% од испитаниците испраќаат 5 или повеќе пакети, а 49% не испраќаат пакети;
- На прашањето за три години, дали сметате дека - ќе испраќате повеќе, помалку или скоро еднаков број на писма? - 32% од испитаниците за три години очекуваат скоро еднаков број на испраќање на писма, а 18% многу помалку;
- 70% од испитаниците испраќаат поштенски пратки во внатрешен сообраќај, а 9% од испитаниците во меѓународен сообраќај и 21% од испитаниците подеднакво;
- На прашањето: За три години, дали сметате дека - ќе примате повеќе, помалку или скоро еднаков број на писма? - 37% од испитаниците за 3 години очекуваат да примаат скоро еднаков број на писма, а 20% помалку очекуваат да примаат писма;
- Дали заради користење на електронска пошта помалку испраќате/примате писма? - Поради користење на електронската пошта 69% испитаници одговориле дека помалку испраќаат писма, а 68% од испитаниците одговориле дека помалку примаат писма;

- На прашањето колку се согласувате со изјавата? - јас би се чувствувал отсечен од оптшеството доколку не бев во можност да испраќам или примам писма/пакети/списанија скоро секој ден во неделата? - 30% од испитаниците се согласуваат и 9% од испитаниците воопшто не се согласуваат со изјавата „јас би се чувствувал отсечен од општеството доколку не бев во можност да испраќам или примам писма";
- 44% од испитаниците донекаде се задоволни од поштенски услуги, а само 11% се многу незадоволни;
- На прашањето дали би прифатиле  поштенска услуга со послаб квалитет и со пониска цена? - 69% од испитаниците не би прифатиле поштенска услуга со послаб квалитет и со пониска цена;
- За колку дена мислите дека давател на поштенски услуги треба да го достави писмото до примачот? -61% од испитаниците мислат дека поштенските услуги треба да се извршат за два работни дена;
- Со оглед на бројот на писма/пратки кои ги добивате месечно, дали сметате дека доставата на поштенски пратки е доволна? - 36% од испитаниците сметаа дека достава на поштенски пратки е доволна во 4 работни дека во неделата, додека 35% од испитаниците одговориле за 3 работни дена и 29%  во текот на истата недела;
- Во однос на прашањето: Дали некогаш сте приговарале/рекламирале заради незадоволство од одредена користена поштенска услуга?- 43% од испитаниците приговарале заради незадоволство од поштенска услуга,
- Дали сте користеле поштенски услуги од друг давател на поштенски услуги освен услугите на АД Пошта на Северна Македонија?- 76% од испитаниците користеле поштенски услуги од друг давател на поштенски услуги;
- Брзина на достава 60% и брзо превземање на пратки 56% се причините заради користење на друг давател на поштенски услуги;
- На прашањето за испорака на вашиот пакет, дали повеќе би користеле пакетомат кој е достапен 24/7  или сакате достава на вашата адреса во работно време - 74% од испитаниците сакаат достава на адреса во работно време;
- 42% од испитаниците примаат пратки од домашни он-лајн продавници.

### 10.3.2. *Клучни наоди од истражувањето кај правни лица*

- Резултатите од спроведеното истражување укажуваат дека најкористени поштенски услуги се добивање на пакет 58%, добивање на пакет со 54% и добивање на препорачана пратка, пратка со означена вредност со 54%;
- 27% од компаниите испраќаат повеќе од 5 писма, а 94% од  компаниите користат препорачана пратка;
- 35% од команиите испраќаат 5 и повеќе пакети, а 35% не испраќаат;
- 80% од комапниите испраќаат и примаат поштенски пратки во внатрешен сообраќај,
- Поради користење на електронска пошта 73% од компаниите помалку испраќаат и примаат писма;
- 58% од компаниите сметките ги добиваат во електронска форма;

- 30% од компаниите се согласуваат дека за 3 години повеќе ќе примаат производи отколку што ќе испраќаат по пошта;
- 32% од компаниите се согласуваат со изјавата: мојата компанија би се чувствувала отсечена доколку не е во можност да испраќа или прима писма/пакет;
- 51% од компаниите донекаде се задоволни од поштенските услуги;
- 78% од компаниите не би прифатиле поштенска услуга со послаб квалитет и со пониска цена;
- 73% од компаниите би платиле повисока цена писмото до примачот да биде доставено нареден работен ден (Д+1);
- 79% од компаниите сметаат дека дека давател на поштенски услуги треба да го достави писмото до примачот за два работни дена,
- 77% од компаниите би ја користеле услугата Прва Класа;
- За компаниите најважна карактеристика со 87% е достава на адреса,
- СМС порака со 83%, Одговорност со 62% и Плаќање поштарина со картица 55% се карактеристиките кои компаниите сметаат дека треба да ги вклучи една стандардна поштенска услуга;
- Најважен фактор за зголемен квалитет на поштенските услуги е брзина на испорака на пратка со 84%,
- 49% од компаниите приговарале/рекламирале заради незадоволство од одредена користена поштенска услуга;
- 78% од компаниите користеле поштенски услуги од друг давател на поштенски услуги;
- Причината заради која имате користено друг давател на поштенски услуги е брзина на достава 74% и брзо превземање;
- Компаниите би платиле повисока цена за комерцијална услуга во која би била вклучена и превземање на пратка од адреса со 55%;
- 52% од компаниите најмногу примаат пратки од домашни он-лајн продавници;
- 32% од компаниите го користат начинот во готово при самиот прием на пратка.

Истражувањето на потребите на корисниците од поштенските услуги [5] е достапно на веб страна на Агенцијата и може да се користи од страна на сите заинтересирани страни.

# 11. СОРАБОТКА

## 11.1. Соработка со домашни институции

[5] Анализа на пазар | Агенција за пошти

По успешни искуства од претходни години во соработката со **Царинската управа на РСМ,** Агенцијата за пошти во текот на јануари и февруари 2025 одржа состаноци со новото раководство во секторот Царински постапки и со секторот Истраги.

На состаноците беа претставени областите од заеднички интерес за двете институции, досегашните постигнувања во соработката и идните планирања и потреби, особено во борбата против „дивите“ нелиценцирани пошти кои работат без поштенски лиценци и неовластено криумчарат косовски пратки, а во насока на создавање фер услови за конкуренција. Со двата сектора од Царинската управа беа разменети релевантни информации и документи важни за Агенцијата и применливи во постапката за лиценцирање на субјектите за меѓународни поштенски услуги и при надзорите. Беше договорена и идна соработка при надзорите на дивите пошти, со цел вршење заеднички надзори на двете институции.

Агенцијата соработуваше и со **Управата за финансиско разузнавање**, на теми поврзани со борбата за спречување перење пари и финансирање тероризам, во рамки на активностите на Советот за борбата за спречување перење пари и финансирање тероризам во кој што Агенцијата има свој претставник.

Во рамки на изготвување на План на активности за развивање на  Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси  2026 -2030 година, во јуни 2025 година се организираше работилница за „Проценка на ризиците од корупција во Република Северна Македонија”, во просториите на ДКСК –Скопје.

Во врска со Годишната програма на Агенцијата за пошти за 2025 година, спроведени се активности кои се насочени кон реализација на проектот **Агенцијата со поддршка на граѓаните кои спаѓаат во категорија на ранливи корисници на поштенски услуги**.

Остварена е комуникација со **Министерство за социјална политика, демографија и млади** како надлежно за спроведување на социјалната заштита на граѓаните, и иницирана е заедничка соработка, по што Министерството ја поддржа истата и номинираше лица од Секторот за социјална заштита кои ќе бидат дирекно вклучени во проектот на АП.

Соработката се остварува преку реализација на прецизно дефинирани активности и динамика кои ќе продолжат и во 2026 година.

## 11.2. Меѓународна соработка

Агенцијата за пошти активно ги следи активностите на работната група на Европската група на регулатори за поштенски услуги ЕРГП и зема учество во истите, во вид на пополнување прашалници, учество на состаноци и сл. ЕРГП е формирана на 10 август 2010 год. како советодавно тело за поштенски услуги на Европската Комисија. Оваа работна група има за цел да ја олесни соработката помеѓу земјите членки на ЕУ и Комисијата.

Учество на он-лине состанок на работната група на ERGP- Access and Interoperability WG members:  Report on the delivery ecosystem: value chain and business models. Во текот на година одговорени беа  неколку прашалници од ЕРГП работните групи.

Од 8 септември до 19 септември 2025 година се одржа 28-от Светски поштенски конгрес  во Дубаи, Обединети Арапски Емирати, каде учествуваа двајца претставници од Агенцијата. Имајќи

предвид дека Конгресот е врховен орган на Светскиот Поштенски Сојуз (Universal Postal Union -UPU) организација која ги поставува основните начела за функционирање на поштенскиот сектор низ целиот свет односно помеѓу 192 земји членки од особена важност беше и да се присустува на ваков настан. Конгресот е тело кое се состанува на секои 4 години на кој се избира Генералниот директор и неговиот заменик како и земји членки на работните тела на Светскиот поштенски сојузи тоа на Административниот совет (CA), Совет за поштенските операции (POC) и Меѓународно биро (IB). На 28-миот Конрес се донесе нова стратегија (2026-2029), на Комитетот на Конгресот кој ја надгледува општата политика и управувањето со работата на Сојузот се донесе и Дубаи Бизнис Планот.

Во насока на подржување на политики од интерес за државата и за поштенскиот сектор во пресрет на Конгресот, а и за време на Конгресот активно се учествуваше на состаноците организирани од ЦЕРП (Комитет на Европска поштенска регулатива) организација во која членуваат и министерства и регулаторни тела од поштенскиот сектор од 46 земји членки.

## 11.3. Активности на ЦЕФТА експертската група за достава на пакети

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државна управа (Сл.весник бр.121/10.06.2024), од ноември 2024 година, во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија премина надлежноста за надворешно-трговско работење, предлагање и спроведување мерки од областа на економските односи со странство, усогласување на прописите на надворешно-трговската размена со прописите на Европската унија, Светската трговска организација, ЦЕФТА и други мултилатерални институции и организации и нивно спроведување. Министерството за надворешни работи и надворешна трговија е надлежно за продолжување на активностите поврзани со спроведување на ЦЕФТА Договорот. За таа цел, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија доставува до Владата на Република Северна Македонија Информација за активности поврзани со имплементација на ЦЕФТА Договорот.

Донесените Одлуки, како и Одлуките кои се во процес на усвојување од Мешовитиот комитет на ЦЕФТА се во насока на креирање на регионална рамка базирана на правила и стандарди на ЕУ и се со цел да се унапредат конкурентноста и економската соработка. Самите Одлуки содржат обврски за натамошно усогласување со правни акти на ЕУ. Поконкретно, Одлуките се во насока на обезбедување на четирите слободи за единствен пазар и тоа: за слободно движење на стоки, услуги, капитал и луѓе на регионално ниво. Нивната имплементација ќе придонесе за долгорочен економски раст на регионот. Истовремено, со имплементација на Одлуките ќе се придонесе за фер, зелена и дигитална транзиција на земјите од Западен Балкан, поттикнување на регионалната соработка, како и натамошно приближување кон ЕУ.

Како член на ЦЕФТА работната група изготвен е Извештај за претходните активности на работната група на ЦЕФТА и обврските кои произлегуваат од оваа работна група и доставен е до

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија. Одлуката за меѓусебна достава на пакети донесена од страна на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА како највисоко тело на одлучување усвоена е од од страна на Владата на Република Северна Македонија и истата треба да биде ратификувана.

Република Северна Македонија е дел од ЦЕФТА проект за слободна трговија со услуги помеѓу земјите членки на ЦЕФТА, и во рамки на овој проект реализирани се и неколку работилници како подршка во процесот на утврдување на чекорите за усвојување и примена на Одлуката на ЦЕФТА за прекугранична достава на пакети. Во организација на ГИЗ на состанокот на 27 -28 јануари 2025 година на Управниот одбор (Steering Committee) одржан во Бечиќи, Црна Гора беа споделени информации за постигнатите резултати од овој проект на ЦЕФТА работната група од сите земји членки во проектот.

Воедно, на 28 јануари 2025 година се одржа Конференција – Empower. Integrate. Grow - за регионална економска интеграција водечки настан кој го славеше извонредниот напредок во регионалната соработка во која активно учество земаа сите претставници на ЦЕФТА проектите.

Се одржа состанок на Работната група за услуги за достава на пакети (Working Group on Parcel Delivery Services) на 6 ноември 2025 година во Брисел.

На состанокот на работната група воведно излагање имаа претставници од ЦЕФТА кои дадоа преглед на услуги за достава на пакети и утврдените приоритетите од Акцискиот план за заеднички регионален пазар 2025-2028 година.

Започнати се активности со ЦЕФТА во делот на спроведување на проект за мерење на обезбедување на универзалната услуга кај давателот на универзална услуга, кој треба во соработка со ЦЕФТА да се спроведе во првата половина на 2026 година.

# 12. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## 12.1. Транспарентност

- **Одржан 24-от Јавен состанок на Агенцијата за пошти**

Почитувајќи го принципот на транспарентно работење, на 24-ти декември во просториите на хотел Холидеј Инн беше одржан 24-от јавен состанок на Агенцијата за пошти, на кој пред чинителите во поштенскиот сектор беа презентирани реализираните активности, плановите за делување во 2026 година, како и Анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие за 2025 година.

На состанокот присуствуваа заменик претседателот на Владата и министер за транспорт, Александар Николовски, претседателот на Комисијата на Агенција за пошти Душан Бекриќ, членовите на Комисијата Слободанка Галеска, Павлинче Честојнова, Андреј Јосифовски и Фадил

Шабани, генералниот директор на АД Пошта и членови на Управниот одбор на давателот на универзалната услуга, претставници на давателите на поштенски услуги, медиумите, како и други поканети гости од институциите и организациите со кои соработува Агенцијата за пошти.

Вицепремиерот Николоски во своето обраќање, меѓу другото, истакна:
*„Работиме за Македонска пошта како државна пошта конечно да ја издигнеме со квалитет и да обезбедува најквалитетни услуги на пазарот. Иако Македонија ја следи европската пракса за регулација на поштенскиот пазар, таквата работа создава главоболка во услови кога државната пошта како општествена компанија реализира услуги кога никој друг тоа не го прави. Затоа Владата ќе донира 100 нови возила за Пошта, а се размислува за законски измени со кои ќе се променат работите“.*

Како што потенцира, целта е да се заштити државниот капитал, да се издигне Пошта на поквалитетно ниво и да се избегне праксата на претходните Влади кои сакале да го продаваат државниот капитал, и дека во таа насока соработката со Агенцијата ќе има клучна улога и дека е потребна соработка.

Во своето обраќање, осврнувајќи се на реализираните активности во 2025 година, директорката на Агенција за пошти, Марина Тоневска истакна: *„ Приватната конкуренција никогаш досега немала толку густо развиена поштенска мрежа низ државата и толку голем број на луѓе не биле ангажирани во доставата. Тему пратките годинава направија вистински бум и ја поттикнаа искусната конкуренција да се проширува и позиционира се поблиску до граѓаните. Но, пазарот се уште бара и има право да очекува подобрувања во услугите, од сите инволвирани, вклучително и од давателот на универзалната услуга . Агенцијата е тука секогаш да ги слушне и да одговори на тие барања“.*

Таа информираше дека статистиките за првото полугодие од 2025 година во однос на 2024 година, покажуваат зголемување на вкупниот обем од околу 6.8 % остварен од обезбедување на поштенски услуги, како и зголемување на обемот на пакети од околу 35 % кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар.

На јавниот состанок беше презентирана Анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за I-во полугодие за 2025 година од страна на раководителката на Директоратот за следење и анализа на пазарот, Данијела Спасиќ Томовска.
(Анализа на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие за 2025 година *објавена во целост на веб страната на Агенцијата за пошти)* Линк:

*„Нашите цели се амбициозни, но сепак суштински и со уште посилен елан ќе работиме на остварувањето на истите.“* - додаде директорката Тоневска, осврнувајќи се на идните планови и проекти кои ќе се реализираат во 2026 година.

Од страна на присутните беше изразено задоволство од успешниот јавен состанок, преку поставените прашања и плодните дискусии преку кои јасно се потенцира партнерскиот, транспарентниот и инклузивен однос на Агенцијата со сите чинители во поштенскиот сектор.







## 12.2. Кампања на Агенцијата за пошти

**Пролетен информативен караван „АП поблиску до корисниците на поштенски услуги!“**

На 12-ти и 13-ти мај, во градовите Прилеп и Кавадарци Агенцијата за пошти го реализираше пролетниот караван „**АП поблиску до корисниците на поштенски услуги!**“. Ова е втора година како Агенцијата за пошти ги одржува овие едукативни средби, со цел да ја доближи работата на давателите на поштенски услуги пред поширoката јавност, како и да ја подигне јавната свест за начинот на користење на правата на корисниците на поштенски услуги.

Караванот е поддржан од Канцеларијата на Народниот Правобранител, со кого Агенцијата за пошти има склучено Меморандум за соработка и опфати **2 едукативни средби** со граѓани, претставници од месните заедници, давателите на поштенски услуги во градовите Прилеп и Кавадарци.







На тематските работилници свое обраќање имаше директорот на Агенцијата за пошти проф. д-р **Сретен Миладиноски** кој ја истакна важноста на ваквите едукативни средби кои се од големо значење за јавноста бидејќи преку нив на многу ефикасен начин се информираат граѓаните - корисници на поштенски услуги за остварување на нивните законски права, за нивните обврски како и за обврските на давателите на поштенските услуги.

Едукативните средби се одржаа по утврден дневен ред, на кои во својство на едукатори свои презентации имаа **Олга Манчевска** - Раководител на Директоратот за регулатива, **Ана Ковачевска** – Раководител на Директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста лиценцирање и правни работи, **Христина Трајчевска** – Стручен советник за лиценцирање и **Мартин Спасовски** – Соработник за решавање на спорови.

**Првата средба** се оствари во Прилеп чиј домаќин беше Економскиот факултет во Прилеп на која за надлежностите и за постапувањата по претставките од граѓаните, пред посетителите се обрати и Лилјана Илиевска, заменик народен правобранител од Подрачната канцеларија во Битола која меѓу другото истакна дека соработката помеѓу двете институции е на високо ниво и дека доколку граѓаните сметаат дека некое нивно право или интерес е засегнато, тие имаат можност да се обратат во овие институции.

**Втората средба** беше одржана во општинската зграда на Кавадарци, каде на присутните им беа презентирани и надлежностите на Агенцијата за пошти. На посетителите им се даде можност да поставуваат прашања поврзани со обезбедувањето на услугите како и да информираат за евентуални забелешки поврзани со доставата.

Исто така од страна на претставниците од Агенцијата како и од канцеларијата на Народниот правобранител беа дадени изјави на локалните медиуми.

# 13. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

## 13.1. Агенцијата со поддршка на граѓаните кои спаѓаат во категорија на ранливи корисници на поштенски услуги

Во врска со Годишната програма на Агенцијата за пошти за 2025 година, спроведени се активности кои се насочени кон реализација на проектот **Агенцијата со поддршка на граѓаните кои спаѓаат во категорија на ранливи корисници на поштенски услуги**.

Остварена е комуникација со **Министерство за социјална политика, демографија и млади** како надлежно за спроведување на социјалната засштита на граѓанаите, и иницирана е заедничка соработка, по што министерството ја поддржа истата и номинираше лица од Секторот за социјална заштита кои ќе бидат директно вклучени во проектот на Агенцијата.

Соработката ќе се остварува преку реализација на прецизно дефинирани активности и динамика кои ќе продолжат и во 2026 година.

### 13.2. Европската недела на мобилност

Вработените на Агенцијата за пошти и оваа година ја поддржаа „Европската недела на мобилност" која на иницијатива на Европската комисија се спроведува секоја година, во периодот од 16 до 22 септември.

Оваа година, темата е ***Mobility for everyone!- Мобилност за сите!*** чија цел е да ја нагласи потребата од обезбедување пристап до одржлив транспорт за сите граѓани, без оглед на нивниот приход, локација, пол или способности.

Вработените на Агенцијата упатија силна порака дека во текот на целата година треба да се користат алтернативни форми на мобилност како што се пешачењето, велосипедизмот, користење на електрични превозни средства односно да се избира „паметен" начин на транспорт преку што ќе се докаже дека сме општествено одговорни и дека се грижиме за животната средина.






## 14. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Бројката на вработени во Агенција за пошти, на крајот на 2025 година, изнесува вкупно 17 од кои 1 директор, 15 административни службеници и 1 работник ангажиран на определено време преку Агенција за привремени вработувања Контакт Бизнис.

На почетокот на годината бројката на вработени изнесуваше вкупно 19 од кои 1 директор, 16 административни и 2 ангажирани работници преку привремени вработувања.

Агенцијата за пошти и во текот на 2025 година се соочуваше со недостаток на соодветни стручни административни службеници, на некои од клучните работни позиции како управување со човечки ресурси и јавни набавки.

## 14.1. Годишен план за вработување за 2025 и за 20226 година и Извештај за реализација на планот за 2025 година

Годишниот план за вработување за 2025 година број 04-215/1 првично доставен до МЈА на 23.08.2024 година, претрпе одредени технички измени, согласно новата Методологија за планирање на вработувањата во јавниот сектор.

Агенцијата во целост постапи по добиените насоки од јануари 2025 година и до МЈА го достави на мислење Годишниот план за вработување за 2025 година со финансиска согласнот од Агенција за пошти, со идентични податоци со првично побараните во Годишниот план за вработување за 2025 година бр.04-215/1. Во постапката, Министерството за јавна администрација даде позитивно мислење на Годишниот план за вработување за 2025 година на Агенцијата за пошти на 04.02.2025.

Запазувајќи го законскиот рок на 27.08.2025, Агенцијата за пошти го достави на мислење до Министерството за јавна администрација Годишниот план за вработување за 2026 година бр.04-257/1 од 21.08.2025 година и доби позитивно мислење за истиот план со бр.09-3417/2 од 02.09.2025 година.

Агенцијата за пошти изготви и испрати до надлежното Министерство за јавна администрација, Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за 2025 година согласно законските обврски бр.04-377/1 од 25.12.2025 година.

## 14.2. Вработувања, ангажирање на работници и престанок на работен однос

Во извештајната 2025 година се намали бројот на административни службеници во Агенцијата, од причина што на еден (1) административен работник на негово барање му престана работниот однос. На еден (1) работник му беше продолжен ангажманот во Агенцијата за 6 месеци. Нема унапредувања, ниту внатрешно хоризонтално распоредување на административните службеници.

Ангажиран е еден работник преку Приватна агенција за вработување Контакт Бизнис – Скопје со договор бр.04-121/2 од 03.04.2025, со што му се продолжи работењето во Агенцијата заклучно со 07.10.2025 година, по што работникот е одјавен.

На 31.12.2025 година на еден административен службеник по негово барање му престана работниот однос во Агенцијата за пошти на 31.12.2025 година врз основа на Спогодба за престанок на работен однос склучена на 17.12.2025 год. со бр.04-347/2 и Решение за престанок на работен однос и одјава од задолжително социјално осигурување бр.04-347/3 од 17.12.2025 год.

Во првиот квартал, Агенцијата за пошти, започна постапка за вработување преку Агенцијата за администрација, на 1 (еден) административен службеник со број 04-114/1 од 07.03.2025 година на работно место Стручен соработник за анализа и статистика, шифра: АПШ 01 01 В02 002, ниво В02, во Директоратот за следење и анализа на пазарот со Барање за објавување на јавен оглас за вработување. Подоцна, по извршена административна селекција, Агенцијата за пошти се откажа и го повлече барањето за вработување, по што Агенцијата за администрација на 12.05.2025 донесе Решение за запирање на постапката.

### 14.3. Годишниот план за обуки за 2025

Во текот на годината е реализирана една (1) обука, спроведена од страна на Центар за обуки на Министерството за јавна администрација и тоа -Обука за користење на модернизирана верзија на ИСУЧР (HRMIS), за 1 вработен.

Специјализирани обуки од средства на Агенцијата за пошти се реализирани седум (7) обуки, за 4 вработени.

- **<u>Оценување на административни службеници</u>**

Во пропишан рок спроведено е полугодишно интервју од Колективниот договор, за 16 административни службеници е оформена полугодишна оценка во текот на мај, а на крај на годината спроведено е интерно оценување согласно Колективниот договор .

Во текот на месец декември за 16 административни службеници е оформена крајна оценка.

- **<u>Архивско и канцелариско работење</u>**

Согласно Законот и прописите за канцелариско и архивско работење, работните задачи и тековните активности во делот за канцелариско работење активности се завршени во целост, а архивското работење согласно планот е реализирано целосно.

Согласно одредбите од Законот за канцелариско и архивско работење, обврската на Агенцијата да одбере архивски од документарен матерјал е исполнета.Трајната вредност е попишана и пратена до Архив на Р.М. со бр.03-138/1 од 01.04.2025 година.

Навремено е поднесен планот за архивски знаци, листа на за чување на архивски документарен материјал и документи од трајна вредност, со Решение за попис на документи за 2026 година бр 03-343/1 од 26.11.2025 година. Од Архив на Р.М. доставена е **согласност** за истите, со бр. УПI 17-487 од 01.12.2025 година**.**

## 15. ЈАВНИ НАБАВКИ

Врз основа на Годишен план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за пошти бр. 02-21/5 од 10.01.2025 година, Агенцијата за пошти во 2025 година ги реализираше следните јавни набавки:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Постапка бр. 05-12/2025 од 28.03.2025 година** | **Набавка на канцелариски материјали и тонери** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС**: бр. 06312/2025 преку ЕСЈН од 28.03.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ)**: 84.746,00 денари

**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ**: 07.04.2025 година

**ИЗВЕШТАЈ**: 28.06.2024 година

**ПОНУДУВАЧИ**: За набавка на Тонер за фотокопири:

Трговско друштво за промет и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

Друштво за производство, промет, трговија и услуги ТРИНИКС ДОО Скопје

Друштво за програмирање, услуги и трговија АЛ ГО СИСТЕМИ ДООЕЛ Скопје

За набавка на Канцелариски материјали:

Друштво за трговија и услуги ФОРОФИС ДОО увоз-извоз Скопје

Друштво за производство,трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово

Друштво за трговија и услуги ЕУРО ОФИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за*** **Набавка на канцелариски материјали и тонери** за Дел 1 набавка на канцелариски материјали и за Дел 2 набавка на тонери број 05-129/2. Набавката е сукцесивна за период од 1 година и склучен е договор за Дел 1 набавка на канцелариски материјали во износ од 38.302,03 денари со ДДВ, број 03-129/4 од 23.04.2025 година со Трговско друштво за промет и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и за Дел 2 Договор за набавка на тонери во износ од 36.674,40 денари со ДДВ, број 03-129/3 од 16.04.2025 година со Друштво за трговија и услуги ЕУРО ОФИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Постапка бр. 05-203/1 од 19.06.2025** | **Набавка на стоки- јавна набавка на вода и кафе за потребите на Агенција за пошти** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. M00183/2025 на платформата е-пазар како дел од Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) од 25.06.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 40.000,00 денари

**ИЗВЕШТАЈ СО ОДЛУКА:** 24.06.2025 година

**ПОНУДУВАЧИ** за Набавка на стоки – набавка на вода и кафе за потребите на Агенција за пошти

Друштво за производство, трговија и услуги КИНЕТИК ГРУП ДООЕЛ експорт импорт Скопје

Друштво за производство, трговија и услуги ЛИДЕР Р-98 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

Друштво за производство, трговија увоз-извоз угостителство и услуги СЛАЈОН-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за* Набавка на стоки- јавна набавка на вода и кафе за потребите на Агенција за пошти** и Договор за набавка на капсули за кафемат Долче густо во износ од 7.950,00 денари со ДДВ, број 03-203/5 од 09.07.2025 година со носителот Друштво за производство, трговија увоз извоз угостителство и услуги СЛАЈОН КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје. Договор за набавка на кафе печено мелено и горска вода газирана и негазирана 0,25л. во износ од 8.019,40 денари со ДДВ, број 03-203/4 од 09.07.2025 година со носителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛИДЕР Р-98 ДООЕЛ увоз извоз Кочани.

Договор за набавка на вода негазирана 10л. Галони за апарат за вода во износ од 18.204,40 денари со ДДВ, број 03-203/3 од 09.07.2025 година со носителот Друштво за производство, трговија и услуги КИНЕТИК ГРУП ДООЕЛ експорт импорт Скопје.

Набавката е сукцесивна за период од 1 година.

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Постапка бр. 05-204/1 од 19.06.2025** | **Набавка на стоки набавка на канцелариски мебел за потребите на Агенција за пошти** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр.М00179/2025 на платформата е-пазар како дел од Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) од 17.06.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 25.424,00 денари

**ИЗВЕШТАЈ СО ОДЛУКА:** 24.06.2025 година

**ПОНУДУВАЧИ** за набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чостење на канцеларии

Трговско друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Тони Златески 93 ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за* Набавка на стоки набавка на канцелариски мебел за потребите на Агенција за пошти** и склучен е договор со број 03-204/3 од 01.07.2025 година со носителот на набавката Трговско друштво за производство, услуги трговија на големо и мало Тони Златески 93 ДЕ-НИ КОМПАНИ увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ во вредност од 9.428,00 денари со ДДВ.

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **Постапка бр. 05-215/1 од 07.07.2025** | **Набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 12171/2025 преку ЕСЈН од 07.07.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 101.695,00 денари

***Донесена ОДЛУКА за поништување*** на постапката број 05-215/2 од 16.07.2025 година, затоа што преку ЕСЈН не е поднесена ниту една прифатлива понуда.

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | **Постапка бр. 05-231/1 од 21.07.2025** | **Набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр.13275/2025преку ЕСЈН од 22.07.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 101.695,00 денари

**ИЗВЕШТАЈ:** Извештај од спроведена постапка  05.08.2025 година.

**ПОНУДУВАЧИ:за Набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии за потребите на Агенција за пошти:**

Друштво за производство,трговија,посредување и услуги БАПАЛ Благој ДООЕЛ експорт-импорт,Скопје.

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за*** **набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии со број** 05-231/2 од 19.08.2025. Набавката е сукцесивна за период од 1 година и  склучен е договор со Друштво за производство,трговија,посредување и услуги БАПАЛ Благој ДООЕЛ експорт-импорт,Скопје во износ од 119.935.20 денари со ДДВ, број 03-231/3 од 22.08.2025 година.

**Договорот е раскинат заради неисполнување на обврските пропишани во него а по барање на економскиот оператор**.

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Постапка бр. 05-277/1 од 19.09.2025** | **Набавка на услуги за интерна проверка на системот за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015 за потребите на Агенција за пошти** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 17178/2025 преку ЕСЈН од 19.09.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 61.000,00 денари

**ИЗВЕШТАЈ:** Извештај од спроведена постапка  30.09.2025 година.

**ПОНУДУВАЧИ за Набавка на услуги за интерна проверка на системот за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015 за потребите на Агенција за пошти:**

Друштво за контрола на квалитет и квантитет на стоки и консалтинг МАККОНТРОЛ ДОО Скопје

Друштво за техничко испитување, анализа и квалитет ЕУРОМАК-КОНТРОЛ ДОО Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за*** **Набавка на услуги за интерна проверка на системот за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015 за потребите на Агенција за пошти  со број** 05-277/2 од 01.10.2025, Склучен е договор со Друштво за контрола на квалитет и квантитет на стоки и консалтинг МАККОНТРОЛ ДОО Скопје во износ од 28.320.00 денари со ДДВ, број 03-277/3 од 15.10.2025 година.

| | | |
|---|---|---|
| **7.** | **Постапка бр. 05-280/1 од 24.09.2025** | **Набавка на услуги - систематски преглед на вработените во Агенција за пошти** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 17430/2025 преку ЕСЈН од 24.09.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 60.000,00 денари

**ИЗВЕШТАЈ:** Извештај од спроведена постапка 06.10.2025 година.

**ПОНУДУВАЧИ за Набавка на услуги за Набавка на услуги - систематски преглед на вработените во Агенција за пошти**.

Јавна здравствена установа-Здравствен дом ЖЕЛЕЗНИЧАР Скопје

Приватна здравствена установа - Поликлиника на примарно ниво БИОТЕК Скопје

Приватна здравствена установа-поликлиника со ординации од примарната здравствена заштита и биохемиска лабораторија МЕДИКА Скопје

Приватна здравствена установа-Ординација по медицина на трудот Д.МЕД МЕДИКАЛ 1 Скопје.

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за*** **набавка на услуги Набавка на услуги - систематски преглед на вработените во Агенција за пошти со број** 05-280/2 од 07.10.2025, Склучен е договор со **Приватна здравствена установа-поликлиника со ординации од примарната здравствена заштита и биохемиска лабораторија МЕДИКА Скопје** во износ од 46.200,00 денари со број 03-280/3 од 14.10.2025 година.

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | **Постапка бр. 05-297/1 од 08.10.2025** | **Набавка на гориво за моторни возила за потребите на Агенција за пошти** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 19035/2025 преку ЕСЈН од 17.10.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 120.000,00 денари

**ИЗВЕШТАЈ:** Извештај од спроведена постапка 29.10.2025 година.

**ПОНУДУВАЧИ на Набавка на гориво за моторни возила за потребите на Агенција за пошти**

1.МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за*** **набавка на Набавка на гориво за моторни возила за потребите на Агенција за пошти** 05-297/2 од 30.10.2025, Склучен е договор број 03-297/3 од 10.11.2025 година со МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје во проценета вредност од 120.794,24 денари со ДДВ. **Набавката е сукцесивна во траење од две години.**

| | | |
|---|---|---|
| **9.** | **Постапка бр. 05-305/1од 13.10.2025** | **Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 18702/2025 преку ЕСЈН од 14.10.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 165.254,00

**ИЗВЕШТАЈ:** Извештај од спроведена постапка 22.10.2025 година.

**ПОНУДУВАЧИ за Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга**

1. Друштво за истражувања на пазарот јавното мислење и статистички анализи СЕГМЕНТС РЕСЕАРЦХ ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за*** **набавка на Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга** 05-305/2 од 24.10.2025, Склучен е договор број 03-305/3 од 30.10.2025 година со Друштво за истражувања на пазарот јавното мислење и статистички анализи СЕГМЕНТС РЕСЕАРЦХ ДООЕЛ Скопје вредност од 165.254,00 денари без ДД и без ДДВ кој не се пресметува бидејќи Носителот на набавката не е даночен обврзник .

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | **Постапка бр. 05-320/1од 06.11.2025** | **Набавка на услуги со Предмет на набавка извршување услуги за ресертификација согласно стандардот ISO 9001:2015** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 18702/2025 преку ЕСЈН од 14.10.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 203.400,00

**ИЗВЕШТАЈ:** Извештај од спроведена постапка 21.11.2025 година.

**ПОНУДУВАЧИ за Набавка на услуги со Предмет на набавка извршување услуги за ресертификација согласно стандардот ISO 9001:2015**

Друштво за услуги ИНТЕРЦЕРТ ДООЕЛ Скопје

Друштво за едукација тренинг и услуги АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за*** **Набавка на услуги со Предмет на набавка извршување услуги за ресертификација согласно стандардот ISO 9001:2015** 05-320/2 од 24.11.2025, Склучен е договор број број 03-320/3 од 02.12.2025 година со Друштво за услуги ИНТЕРЦЕРТ ДООЕЛ Скопје во износ од 236.000,00 со ДДВ. **Набавката е сукцесивна со траење од три години.**

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | **Постапка бр. 05-328/1од 13.11.2025** | **Набавка на услуги за превод на документи за потребите на Агенција за пошти** |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 21061/2025преку ЕСЈН од 20.11.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 61.017,00

**ИЗВЕШТАЈ:** Извештај од спроведена постапка 03.12.2025 година.

**ПОНУДУВАЧИ за Набавка на услуги за превод на документи за потребите на Агенција за пошти:**

Трговско друштво УНИВЕРЗАЛ ГРУП ДООЕЛ Скопје

Друштво за одржување на курсеви за странски јазик,промет,производство и услуги ЧЕЛИНЏ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје

Друштво за графичко издавачка дејност ДАТАПОНС ДООЕЛ Скопје

Друштво за едукативни, преведувачки и менаџмент активности, трговија и услуги ЕСП-РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ДОО Скопје

Друштво за услуги БЕСТЕЛ ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за Набавка на услуги за превод на документи за потребите на Агенција за пошти*** 05-328/2 од 04.12.2025. Набавката е сукцесивна и склучен е договор во времетраење од една година, број 03-328/3 од 12.12.2025 година со Друштво за графичко издавачка дејност ДАТАПОНС ДООЕЛ Скопје во износ од 72.000,00 со ДДВ.

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | **Постапка бр. 05-367/1 од 16.12.2025** | Набавка на стоки, набавка на компјутерска опрема за потребите на Агенција за пошти |

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр.М00423/2025 на платформата е-пазар како дел од Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) од 18.12.2025 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 209.524,00 денари

**ИЗВЕШТАЈ СО ОДЛУКА:** 18.12.2025 година

**ПОНУДУВАЧИ за** Набавка на стоки, набавка на компјутерска опрема за потребите на Агенција за пошти

Друштво за програмирање, услуги и трговија АЛ ГО СИСТЕМИ ДООЕЛ Скопје

Друштво за производство, промет и инженеринг на информативни системи МП КОМПЈУТЕРИ ДОО Скопје

Друштво за производство,трговија,инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово

Друштво за трговија и услуги АДВАНС МЕДИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за Набавка на стоки, набавка на компјутерска опрема за потребите на Агенција за пошти*** и склучен е договор со број 12-2025-М00423/23/4 од 01.07.2025 година со носителот на набавката Друштво за трговија и услуги АДВАНС МЕДИЈА ДООЕЛ

увоз-извоз Скопје, со седиште на ФРАНЦЕ ПРЕШЕРН 75/1-1 во вредност од 209.055,00 денари со ДДВ.

# 16. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Агенцијата за пошти, согласно член 23 од Законот за поштенските услуги, своето работење го финансира од средства остварени од приходите од надоместоците од давателите на поштенски услуги и од донации, заеми и друга финансиска и техничка помош. Вредно е да се напомене дека Агенцијата за пошти има целосна финансиска независност, како еден од основните предуслови за успешно функционирање како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со закон. Имено, Агенцијата за пошти во 2025 година, се финансираше од надоместоците од давателите на поштенски услуги согласно член 23 од Законот за поштенските услуги.

Врз основа на добиено писмено Известување од Министерството за финансии со архивски број 07-48746/1 од 19.12.2008 година, кое се однесува на одредбите согласно кои треба да се води сметководството, Агенцијата за пошти го заснова своето сметководствено и финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи, на Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход и други прописи кои го уредуваат финансиското работење на Агенцијата.

Од презентираните финансиски извештаи за 2025 година се гледа коректното работење на Агенцијата за пошти која своите активности ги извршува според претходно добро предвидени цели, организирани ресурси и јасни визии.

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 7 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/2023, 224/2024 и 37/2025), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на 24.02.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** Годишната сметка за 2025 година на Агенцијата за пошти.

**Член 2**

Годишната сметка за 2025 година како составен дел од Годишниот Извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2025 година, се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 12 став 2 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/2023, 224/2024 и 37/2025).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**
Комисија
Душан Бекриќ, претседател

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**За годината која завршува на 31 декември 2025**

**Со извештај на независниот ревизор**

*Скопје, март 2026*

## СОДРЖИНА

Извештај на независниот ревизор i - iii

Финансиски извештаи на Агенцијата за пошти Скопје за годината што завршува на 31 Декември 2025 година

Биланс на приходи и расход....................................1

Биланс на состојба....................................2

Белешки кон финансиските извештаи....................................3 - 17

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Коле Неделковски број 77 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

Друштво за ревизија
КОЈЗАКЛИЕВ-ПАВЛЕСКА ДОО
Бр. 03-12
19.3 2026 год
Скопје

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ - СКОПЈЕ

| Примено: 19.03.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 05 | 113/11 | 2л. | – |

## Извештај на независниот ревизор

До Комисијата и раководството на Агенцијата за пошти Скопје

**Мислење**

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за пошти Скопје (во понатамошниот текст Агенцијата), коишто ги вклучуваат Билансот на состојба заклучно со 31 декември 2025 година, Билансот на приходи и расходи за годината која завршува тогаш, белешки кон финансиските извештаи, вклучително и преглед на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата заклучно со 31 декември 2025 година, како и нејзината финансиска успешност за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија.

**Основа за мислење**

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Агенцијата во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни на нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

**Одговорност на раководството**

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија и за таква внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Агенцијата да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да ја ликвидира Агенцијата или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

i

**Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје**
**Ул. Коле Неделковски број 77 Скопје,**
**тел/фах: 02/311-85-85**
**www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com**

## Извештај на независниот ревизор (продолжува)

**Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи**

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.
- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Агенцијата.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Агенцијата да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Агенцијата да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Коле Неделковски број 77 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

## Извештај на независниот ревизор (продолжува)

### Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи (продолжува)

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Скопје, 19 март 2026 година

Овластен ревизор
Јорданчо Којзаклиев

Друштво за ревизија
Којзаклиев – Павлеска ДОО
Скопје

iii

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

*Агенција за пошти Скопје*

**Финансиски извештаи 31 декември 2025**

**Биланс на приходи и расходи**
За годината што завршува на 31 декември 2025

| | Белешка | 2025 во 000 денари | 2024 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од надоместоци од давателите на поштенски услуги | 4 | 28,986 | 22,419 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 5 | 269 | 4,984 |
| Приходи од други извори | 6 | - | - |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година | | 1,711 | 5,850 |
| | | **30,966** | **33,253** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 7 | (2,461) | (2,539) |
| Други расходи | 8 | (6,132) | (8,393) |
| Капитални расходи | 9 | (209) | (74) |
| Плати и надомест на плати | 10 | (21,175) | (19,756) |
| Даноци и придонеси независни од резултатот | 11 | (353) | (566) |
| | | **(30,330)** | **(31,328)** |
| **Вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **636** | **1,925** |
| Данок од добивка | 12 | (280) | (214) |
| **Вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **356** | **1,711** |

***Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од***

***овие финансиски извештаи***

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Агенцијата на ден 20 февруари 2026 година и се потпишани во негово име од страна на:

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Марина Тоневска
Директор

1

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

*Агенција за пошти Скопје*

**Финансиски извештаи 31 декември 2025**

## Биланс на состојба
со состојба на 31 декември 2025

| | Белешка | 2025 во 000 денари | 2024 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| ***Нетековни средства*** | | | |
| Нематеријални средства | 13 | 58 | 78 |
| Материјални средства | 14 | 637 | 590 |
| | | **695** | **668** |
| ***Тековни средства*** | | | |
| Парични средства | 15 | 2,591 | 77 |
| Побарувања | 16 | 8,326 | 8,312 |
| АВР | 17 | 6 | 41 |
| Залихи | | - | - |
| | | **10,923** | **8,430** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **11,618** | **9,098** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| ***Капитал*** | 18 | | |
| Деловен фонд | | 615 | 575 |
| Ревалоризациони резерви | | 80 | 93 |
| | | **695** | **668** |
| ***Обврски*** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 19 | 1,056 | 873 |
| Обврски спрема државата | 20 | 307 | 253 |
| Други краткорочни обврски | 21 | 243 | 351 |
| Обврски за плати | 22 | 2,606 | - |
| ПВР | 23 | 6,354 | 5,242 |
| | | **10,566** | **6,719** |
| Пренесен дел од вишок на приходи во наредна година | | 357 | 1,711 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **11,618** | **9,098** |

***Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од овие финансиски извештаи***

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Марина Тоневска
Директор

2

**Белешки кон финансиските извештаи**

**1 . Основни податоци за Агенцијата**

Агенцијата за пошти Скопје (во понатамошниот текст Агенцијата) претставува независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги.

Агенцијата работи согласно *Законот за поштенските услуги* („Службен Весник на Република Македонија" број 9/2008, 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018 и 27/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 150/2021, 227/22, 284/23, 224/24 и 37/25), а започна со работа на 15 јули 2008 година.

Агенцијата е запишана во Централниот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6381049 и со дејност согласно Решението од Централен Регистар со шифра 84.130 – Регулирање и давање помош за поуспешно деловно работење.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје на улица Кеј 13-ти Ноември бр. ГТЦ кат2/зграда 4-влез 1 локал 2.

Агенцијата има статус на правно лице со јавни овластувања кои се утврдени со Законот за поштенските услуги, подзаконски акти, Статутот на Агенцијата и други општи акти.

Органи на Агенцијата се Комисија и Директор. Комисијата е составена од Претседател и четири члена кои се именувани со Одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Со Агенцијата до 01.08.2025 година управуваше и раководеше директорот д-р Сретен Миладиноски, а од 08.08.2025 година управува и раководи директорката Марина Тоневска.

Основни цели и надлежности на Агенцијата се регулирани со Законот на поштенските услуги и Статутот на Агенцијата за пошти. Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

**2. Основа за подготовка на финансиските извештаи**

Агенцијата финансиските извештаи ги подготвува во согласност со применливите законските прописи, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, и тоа:

1. Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен Весник на Република Македонија број 24/2003, 80/2005, 17/2011 и 154/2015 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 122/21 ),
2. Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 42/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011),
3. Правилник за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005 и 11/2006),
4. Правилник за содржината и формата на одделните сметки во Сметковниот план на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**2. Основа за подготовка на финансиските извештаи (продолжение)**

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методот на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Во изготвувањето на финансиските извештаи Агенцијата ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во белешка 3. Сметководствените политики конзистентно се применувани во текот на деловната година, како и во претходната година.

Денарот претставува официјална валута на известување. Износите содржани во финансиските извештаи на Агенцијата, како и во објаснувачките белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари.

Финансиските извештаи на Агенцијата се изготвени на единечна основа, обезбедувајќи информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите, добивките и загубите презентирани во:

- Билансот на состојбата на ден 31.12.2025 година,

- Билансот на приходите и расходите во периодот од 01 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година,

- Преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Главни квалитативни карактеристики на информациите во финансиските извештаи се:

- разбирливост – да бидат лесно разбирливи за корисниците;
- релевантност – да можат да влијаат врз економските одлуки на корисниците;
- веродостојност – верно да ги претставуваат трансакциите и
- споредливост на податоците од годишната сметка на Агенцијата од различни пресметковни периоди како и споредливост со финансиските извештаи на други правни субјекти.

**3. Сметководствени политики**

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, правила и практики усвоени од страна на Агенцијата при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи.

Сметководствените политики претставуваат основа при вреднувањето, мерењето, презентирањето и објавувањето на ставките во финансиските извештаи на Агенцијата кои се применувани конзистентно во текот на деловната година, како и во претходната година.

Деловните промени се евидентираат во деловните книги согласно домашната законска регулатива. Сметководствената евиденција се води во рамките на Агенцијата.

**3.1. Признавање на приходи и расходи**

Признавањето на приходите и расходите се врши со примена на методот на готовинска основа.

Според методот на готовинска основа приходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.1. Признавање на приходи и расходи (продолжение)**

Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени (платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според методот на готовинска основа, расходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале доколку се платени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на периодот под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период. Расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно.

**3.2. Класификација на средствата и обврските**

Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени за 12 месеци по датумот на билансот на состојба, се класифицираат како тековни. Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени во период подолг од 12 месеци по датумот на билансот на состојба се класифицираат како нетековни.

**3.2.1. Нематеријални и материјални седства**

Во нематеријални и материјални средства се класифицираат средствата што:

- се држат за остварување на дејноста и
- се очекува да се користат повеќе од еден финансиски период

Во нематеријални средства се вклучуваат непаричните средства кои може да се идентификуваат и немаат физичка содржина.

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до ставањето на средството во употреба. Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. На 31 декември средствата се прикажуваат по нивната сегашна вредност (набавната вредност намалена за акумулираната амортизација).

Материјалните и нематеријалните средства се амортизираат по праволиниска метода со примена на пропишаните стапки од Номенклатурата на средствата за амортизација, согласно Правилникот за сметководство на непрофитните организации. Пресметката на амортизацијата се врши поединечно, односно за секое средство поодделно во рамките на групите пропишани во Правилникот, се додека вредноста на нетековните средства не биде во целост амортизирана. Средствата се амортизираат од моментот кога се ставаат во употреба, односно од прввиот ден од наредниот месец кога се набавени. Пресметанта амортизација се евидентира на товар на деловниот фонд.

Материјалните средства чија поединечна вредност е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицираат како ситен инвентар кој се отпишува еднократно, независно од корисниот век на употреба. Отписот на ситниот инвентар се евидентира на товар на деловниот фонд.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.1. Нематеријални и материјални седства (продолжение)**

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделни недвижности, опрема и нематеријалните средства се:

| | |
|---|---|
| Нематеријални средства | 20 % |
| Недвижности | 2,5 – 10 % |
| Опрема | 10 – 20 % |
| Мебел | 10 – 12 % |
| Транспортни средства | 15 % |

Материјалните и нематеријалните средства се ревалоризираат периодично со примена на официјални коефициенти за ревалоризација пресметани врз база на податоците за пораст на цените на индустриските производи. Ефектот на ревалоризацијата на материјалните и нематеријалните средства како и ефектот на ревалоризацијата на амортизацијата се книжи во корист на ревалоризациони резерви.

**3.2.2. Залихи**

Залихите се состојат од ситен инвентар во употреба, амбалажа и авто гуми. Залихите се евидентират според набавната вредност, која ги опфаќа сите трошоци за набавка и другите трошоци кои се направени за доведување на залихите во нивната сегашна состојба. Со нивното ставање во употреба се врши целосен отпис на нивната вредност.

**3.2.3. Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричните еквиваленти се состојат од парични средства: во благајна, на трансакциски сметки и вредносни картички. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на денот на билансирањето. Трансакциите изразени во странски валути се евидентираат според девизниот курс на денот на трансакцијата. Курсните разлики се искажуваат како приходи или расходи во Билансот на приходи и расходи.

**3.2.4. Побарувања**

Побарувањата се состојат од побарувања од купувачи, побарувања од државата, вработените, активни временски разграничувања и останати побарувања.

Побарувањата од купувачите се признаваат и евидентираат по издадено Решение за годишен надоместок пресметани согласно Законот и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.5. Обврски**

Агенцијата ќе признае обврска во Билансот на состојба кога ќе прими средства или друга материјална корист.

При почетното признавање, обврските се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци директно поврзани за нивното издавање. Објективната вредност е еднаква на средствата примени во замена за превземените обврски.

Обврските кон добавувачи, се признаваат врз основа на реализација на склучените договори или фактура. Мерењето на обврските се врши според нивната номинална/договорна вредност утврдена во договорот.

Сите краткорочни обврски, кои нема да бидат презентирани во некоја друга позиција во рамките на активата на Билансот на состојба се искажуваат во позицијата останати краткорочни обврски. Оваа позиција ги вклучува обврските кон вработените, обврски за примени аванси, обврски кон државата за даноци и придонеси, обврски за однапред наплатени приходи и останати обврски.

**3.2.6. Обврски за данок на добивка**

Данокот на добивка се пресметува и плаќа согласно применливата законската регулатива за непрофитни организации. Даночната основица се утврдува врз основа на вкупните приходи од вршење стопанска дејност, намалени за ослободување во износ од 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

**3.2.7. Настани по датумот на известување**

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на известување (настани за кои може да се врши корегирање) се содржани во финансиските извештаи.

Настаните по датумот на известување за кои не може да се врши корегирање во финансиските извештаи се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

**3.2.8. Неизвесности**

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Агенцијата. Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи туку само се обелоденуваат.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.9. Користени проценки**

Подготвувањето на финансиските извештаи, бара примена на одредени сметководствени проценки како и расудувања од раководството во процесот на примена на сметководствените политики. Најзначајна употреба на расудување и проценки, се однесуваат на објективната вредност на побарувањата и обврските, застареност на залихите, употребниот век на недвижностите, опремата и нематеријалните средства, врз основа на информациите достапни на датумот на обелоденувањето на финансиските извештаи. Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на деловниот фонд во периодот на промената.

**3.2.10. Промена на сметководствени политики и корекции на грешки**

Сметководствените политики се применуваат од период во период на конзистентна основа. Сметководствената политика се менува доколку тоа е условено со измена на законската регулатива.

По исклучок, промена на сметководствените политики може да се направи доброволно, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи. За промените во сметководствените политики одлучува Комисијата.

При ретроспективна промена на сметководствена политика, ентитетот ја применува новата сметководствена политика на компаративните информации за претходните периоди до најраниот датум кога тоа е изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите на поединечните периоди на промена во сметководствената политика на компаративните информации за еден или повеќе презентирани периоди, Агенцијата ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности на средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетното салдо на секоја засегната компонента на деловниот фонд за тој период.

Агенцијата ретроспективно ја исправа материјалната грешка од претходен период во првиот финансиски период одбран за објавување, откако истата била откриена, така што:

- повторно ги прикажува компаративните износи за претходниот презентиран период(и) кога грешката се појавила или
- доколку грешката се појавила пред да биде презентиран најраниот претходен период, повторно ги прикажува почетните салда на средствата, обврските и главнината за најраниот презентиран период.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**4. Приходи од надоместок за надзор**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од годишен надоместок за тековна година | 24,169 | 16,192 |
| Приходи од годишен надоместок за тековна година – присилна наплата преку извршител | 291 | 6,149 |
| Приходи од годишен надоместок за претходни години | 2,542 | 28 |
| Приходи од годишен надоместок за претходни години – присилна наплата преку извршител | 1,984 | 50 |
| **ВКУПНО** | **28,986** | **22,419** |

Приходите од годишниот надоместок се пресметани по основ на Законот за поштенските услуги и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

**5. Приходи од камати и позитивни курсни разлики**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од казнени камати од давателите | 4 | 8 |
| Приходи од казнени камати од давателите – присилна наплата преку извршител | 265 | 4,976 |
| **ВКУПНО** | **269** | **4,984** |

Приходите од казнени камати од давателите на поштенски услуги се пресметани согласно Законот за облигационите односи и врз основа на доставени Каматни листи за казнена камата за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенските услуги или врз основа на пресметка при присилна наплата преку извршител.

**6. Приходи од други извори**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Други приходи | - | - |
| **ВКУПНО** | **-** | **-** |

**Белешки кон финансиските извештаи**
**7. Материјални расходи и услуги**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 214 | 206 |
| Потрошена енергија | 769 | 716 |
| Други услуги | 286 | 447 |
| Транспортни услуги | 6 | 8 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 219 | 199 |
| Наемнини | 967 | 963 |
| **ВКУПНО** | **2,461** | **2,539** |

Ставката потрошени материјали за 2025 година се однесува на расходи направени за потрошен канцелариски материјал во износ од 94 илјади денари (2024 – 68 илјади денари), потрошено гориво во износ од 21 илјади денари (2024 – 49 илјади денари), вода и комунални услуги во износ од 27 илјади денари (2024 – 24 илјади денари), ситен инвентар во износ од 9 илјади денари (2024 – 0 денари), стручна литература во износ од 24 илјади денари (2024 – 24 илјади денари) и други трошоци во износ од 39 илјади денари (2024 – 41 илјади денари).

Во ставката потрошена енергија за 2025 година се вклучени расходите за кондиционирање (греење и ладење) во износ од 399 илјади денари (2024 – 466 илјади денари) и потрошена електрична енергија во износ од 370 илјади денари (2024 – 250 илјади денари).

Ставката други услуги за 2025 година се однесува на расходи направени за поштенски услуги во износ од 21 илјади денари (2024 – 17 илјади денари), регистрација и паркинг на службени возила во износ од 37 илјади денари (2024 – 35 илјади денари), фиксна телефонија и интернет во износ од 51 илјади денари (2024 – 55 илјади денари), копирање и печатење на материјали во износ од 6 илјади денари (2024 – 64 илјади денари), поправка, сервис и одржување на опрема во износ од 10 илјади денари (2024 – 43 илјади денари), службен весник во износ од 16 илјади денари (2024 – 16 илјади денари), поправка и одржување на софтвер за сметководство во износ од 42 илјади денари (2024 – 42 илјади денари), чистење на деловни простории во износ од 55 илјади денари (2024 – 82 илјади денари) и други трошоци во износ од 48 илјади денари (2024 – 93 илјади денари).

Во ставката транспортни услуги за 2025 година се вклучени расходи за превоз (такси) од и до аеродром при реализација на службените патувања во странство во износ од 6 илјади денари (2024 – 8 илјади денари).

Во ставката издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 2025 година се вклучени расходите за угостителски услуги во износ од 178 илјади денари (2024 – 154 илјади денари), расходите за храна и пијалаци во износ од 29 илјади денари (2024 – 22 илјади денари) и расходите за подароци во износ од 12 илјади денари (2024 – 23 илјади денари).

Ставката наемнини за 2025 година се однесува на расходи направени за наем на деловен - канцелариски простор во износ од 967 илјади денари (2024 – 963 илјади денари).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**8. Други расходи**

| | **во 000 денари 2025** | **во 000 денари 2024** |
|---|---|---|
| Провизија на платен промет | 32 | 36 |
| Премии за осигурување | 59 | 61 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 532 | 1,454 |
| Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | 613 | 661 |
| Негативни курсни разлики | - | 1 |
| Членарини | 5 | - |
| Други расходи | 4,891 | 6,180 |
| **ВКУПНО** | **6,132** | **8,393** |

Трошоците за службено патување во 2025 година се однесуваат на расходи за сместување во странство во износ од 160 илјади денари (2024 – 503 илјади денари), дневници за службено патување во странство во износ од 61 илјади денари (2024 – 162 илјади денари), расходи за сместување во земјата во износ од 29 илјади денари (2024 – 128 илјади денари), дневници за службено патување во земјата во износ од 130 илјади денари (2024 – 118 илјади денари), споредни расходи поврзани со службените патувања во износ од 56 илјади денари (2024 – 43 илјади денари) и патни расходи во износ од 96 илјади денари (2024 – 500 илјади денари).

Ставката надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2025 година се однесува на расходи за регрес на годишен одмор за вработените во Агенцијата и расходи за јубилејна награда согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Ставката надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2024 година се однесува на расходи за регрес на годишен одмор за вработените во Агенцијата, расходи за јубилејна награда и расходи за финансиска помош за смрт на член на семејно домаќинство, согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Ставката други расходи за 2025 година се однесува на:
- исплата на надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 2,410 илјади денари (2024 – 4,044 илјади денари) пресметани согласно Одлуката за определување на месечниот надоместок и другите трошоци на членовите на Комисијата на Агенцијата, донесена од Комисијата,
- Услуги за привремени вработувања во износ од 1,705 илјади денари (2024 – 1,623 илјади денари),
- Консултантски услуги во износ од 194 илјади денари (2024 – 117 илјади денари),
- Надомест по договор за дело во износ од 6 илјади денари (2024 – 0 денари),
- Обуки за стручно усовршување во износ од 26 илјади денари (2024 – 26 илјади денари),
- Ревизија во износ од 148 илјади денари (2024 – 94 илјади денари),
- Истражување на пазарот во износ од 165 илјади денари (2024 – 165 илјади денари),
- Хост за веб страна во износ од 26 илјади денари (2024 – 23 илјади денари),
- Систематски преглед на вработените во износ од 46 илјади денари (2024 – 0 денари),
- Објавување на огласи за вработување и јавни набавки во износ од 83 илјади денари (2024 – 21 илјади денари),
- Услуги за превод во износ од 7 илјади денари (2024 – 6 илјади денари),
- Расходи за камати за задоцнето плаќање во износ од 12 илјади денари (2024 – 0 денари),
- Трошоци за извршители и нотари во износ од 1 илјади денари (2024 – 2 илјади денари) и
- други расходи во износ од 62 илјада денари (2024 – 59 илјади денари).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**9. Капитални расходи**

| | **во 000 денари 2025** | **во 000 денари 2024** |
|---|---|---|
| Средства за уредување и адаптација на деловен простор | - | - |
| Средства за опрема | 209 | 74 |
| **ВКУПНО** | **209** | **74** |

Во 2025 година е набавена компјутерска опрема во износ од 209 иљада денари.
Во 2024 година е набавена компјутерска опрема во износ од 74 иљада денари.

**10. Плати и надомест на плати**

| | **во 000 денари 2025** | **во 000 денари 2024** |
|---|---|---|
| Вкалкулирани плати | 21,175 | 19,756 |
| **ВКУПНО** | **21,175** | **19,756** |

Платите и надоместоците на вработените се пресметани и исплатени во согласност со Законот за поштенските услуги, Правилникот за плати и други надоместоци, Колективниот договор на Агенцијата за пошти и Одлуката за висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти.

**11. Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот**

| | **во 000 денари 2025** | **во 000 денари 2024** |
|---|---|---|
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 353 | 566 |
| **ВКУПНО** | **353** | **566** |

Трошоците за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот вклучуваат трошоци за данок на личен доход за надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 268 иљади денари (2024 – 449 иљади денари), данок на личен доход за надоместоците по договор за дело во износ од 1 денари (2024 – 0 денари), данок на личен доход за други исплати во износ од 16 иљади денари (2024 – 48 иљади денари), данок на личен доход за регрес за годишен одмор во износ од 62 иљади денари (2024 – 57 иљади денари), данок на личен доход за помош за смрт на член на семејно домаќинство во износ од 0 денари (2024 – 6 иљади денари) и данок на личен доход за јубилејна награда за вработените во Агенцијата во износ од 6 иљади денари (2024 – 6 иљади денари)

**Белешки кон финансиските извештаи**

**12. Данок од добивка**

Трошоците за данок од добивка, согласно Законот за данок на добивка, се пресметувани со даночна стапка од 1% на утврдената основица.

Согласно Законот за данок на добивка (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 248/18, 275/19, 290/20, 151/21 и 199/23), правните лица кои се основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, не се обврзници на данок на добивка, односно доколку вкупниот годишен приход од стопанска дејност е поголем од 1 милион денари стануваат обврзници за пресметување и плаќање на данок на вкупен приход.

Данокот на вкупен приход, во износ од 280 илјади денари за 2025 година (2024 – 214 илјади денари), е пресметан на основицата вкупни приходи од стопанска дејност (конто 750) на износот кој надминува 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

**13.Нематеријални средства**

| | во 000 денари |
|---|---|
| | **Компјутерски софтвер** |
| **Набавна вредност** | |
| **Состојба на 01.01.2024** | **722** |
| Набавки | - |
| Расходувања | - |
| Ревалоризација на средства | 38 |
| **Состојба на 31.12.2024** | **760** |
| Набавки | - |
| Расходувања | - |
| Ревалоризација на средства | 38 |
| **Состојба на 31.12.2025** | **798** |
| **Исправка на вредност** | |
| **Состојба на 01.01.2024** | **627** |
| Амортизација за 2024 | 21 |
| Расходувања | - |
| Ревалоризација на исправка | 34 |
| **Состојба на 31.12.2024** | **682** |
| Амортизација за 2025 | 22 |
| Расходувања | - |
| Ревалоризација на исправка | 36 |
| **Состојба на 31.12.2025** | **740** |
| **Сметководствена Вредност** | |
| **Состојба на 31.12.2024** | **78** |
| **Состојба на 31.12.2025** | **58** |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**14.Материјални средства**

во 000 денари

| | Градежни објекти | Опрема | Транспортни средства | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2024** | **-** | **4,514** | **1,398** | **-** | **5,912** |
| Набавки | - | 74 | - | - | **74** |
| Пренос | - | (44) | - | - | **(44)** |
| Расходувања | - | - | - | - | **-** |
| Ревалоризација на средства | - | 253 | 74 | - | **327** |
| **Состојба на 31.12.2024** | **-** | **4,797** | **1,472** | **-** | **6,269** |
| Набавки | - | 209 | - | - | **209** |
| Пренос | - | - | - | - | **-** |
| Расходувања | - | - | - | - | **-** |
| Ревалоризација на средства | - | 240 | 74 | - | **314** |
| **Состојба на 31.12.2025** | **-** | **5,246** | **1,546** | **-** | **6,792** |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2024** | **-** | **3,821** | **1,398** | **-** | **5,219** |
| Амортизација за 2024 | - | 177 | - | - | **177** |
| Расходувања | - | (4) | - | - | **(4)** |
| Ревалоризација на исправка | - | 213 | 74 | - | **287** |
| **Состојба на 31.12.2024** | **-** | **4,207** | **1,472** | **-** | **5,679** |
| Амортизација за 2025 | - | 182 | - | - | **182** |
| Пренос | - | - | - | - | **-** |
| Расходувања | - | - | - | - | **-** |
| Ревалоризација на исправка | - | 220 | 74 | - | **294** |
| **Состојба на 31.12.2025** | **-** | **4,609** | **1,546** | **-** | **6,155** |
| **Сметководствена вредност** | | | | | |
| **Состојба на 31.12.2024** | **-** | **590** | **-** | **-** | **590** |
| **Состојба на 31.12.2025** | **-** | **637** | **-** | **-** | **637** |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**15. Парични средства**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 2,569 | 62 |
| Благајна картичка Виза | 22 | 15 |
| **ВКУПНО** | **2,591** | **77** |

Агенцијата располага со жиро сметка која се води во НЛБ Банка АД Скопје со салдо на 31 декември 2025 година во износ од 2,569 илјади денари (2024– 62 илјади денари), Во 2025 и 2024 година Агенцијата има Виза бизнис картичка во НЛБ Банка АД Скопје која не е поврзана со жиро сметката, туку функционира како дебитна картичка без дозволено пречекорување.
Компензацискиот фонд наменет за надоместување на нето трошоци за обезбедување на универзална поштенска услуга до 31 декември 2025 се уште не започнал да функционира.

**16. Побарувања**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачите – тековна година | 7,333 | 7,527 |
| Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата – тековна година | 232 | 148 |
| Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата од претходни години | 687 | 563 |
| Побарувања од купувачи за казнени камати | 4 | 4 |
| Побарувања за аванси и депозити | 70 | 70 |
| Побарувања за надомест на трошоци за службен пат | - | - |
| **ВКУПНО** | **8,326** | **8,312** |

Побарувањата од купувачите се од давателите на поштенски услуги.
Побарувањата за аванси и депозити вклучуваат побарувања за уплатен депозит за закуп на деловен простор во Градски Трговски Центар во износ од 70 илјади денари (2024 – 70 илјади денари).

Структурата на побарувањата со 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година е како што следи:

| | 2025 во 000 денари | 2024 во 000 денари |
|---|---|---|
| Недоспеани | 2 | - |
| *Доспеани* | | |
| до 6 месеци | 31 | 7,674 |
| од 6 до 12 месеца | 8,223 | - |
| над 12 месеци | - | 568 |
| **Вкупно** | **8,256** | **8,242** |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**17. Активни временски разграничувања**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| АВР | 6 | 41 |
| **ВКУПНО** | **6** | **41** |

Активните временски разграничувања произлегуваат од неплатени обврски од 2025 година и претставуваат одложени расходи кои ќе се признаат во моментот на нивната исплата во наредниот период.

**18. Вкупно деловен фонд и резерви**

Деловниот фонд и резервите на 31 декември 2025 година ја претставуваат сегашната вредност на нетековните средства кои изнесуваат 695 илјади денари (2024 – 668 илјади денари).

**19. Обврски кон добавувачи**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи во земјата | 1,056 | 873 |
| **ВКУПНО** | **1,056** | **873** |

**20. Обврски спрема државата**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Данок од добивка | 280 | 214 |
| Данок на личен доход | 27 | 39 |
| **ВКУПНО** | **307** | **253** |

**21. Други краткорочни обврски**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Финансиски обврски – банкарска провизија | 1 | 1 |
| Обврски за надомест по договор за дело | 6 | - |
| Обврски кон работниците – финансиска помош | - | - |
| Обврски за надоместоци за Комисијата | 236 | 350 |
| **ВКУПНО** | **243** | **351** |

**22. Обврски за плати**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| Обврски за нето плати | 1,706 | - |
| Обврски за придонеси и даноци од плата | 900 | - |
| **ВКУПНО** | **2,606** | **-** |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**23. Пасивни временски разграничувања**

| | во 000 денари 2025 | во 000 денари 2024 |
|---|---|---|
| ПВР | 6,354 | 5,242 |
| **ВКУПНО** | **6,354** | **5,242** |

Пасивните временски разграничувања произлегуваат од пресметани, а ненаплатени побарувања и претставуват одложени приходи кои ќе се признаат во моментот на нивната наплата во наредниот период.

**24. Неизвесни настани**

На 31.12.2025 година Агенцијата нема неизвесни побарувања и обврски кои значајно би го нарушиле континуитетот во работењето.

**25. Настани по датумот на известување**

По 31 декември 2025 година до денот на одобрување на овие извештаи нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во белешките кон финансиските извештаи.

**26. Финансиски план за 2025 година**

Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2025 година во приходниот дел е реализиран со 77,42% (2024 – 85,27%). Реализација на расходниот дел од финансискиот план изнесува 75,82% (2024 – 80,33%).

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Марина Тоневска
Директор